# Стратешки план за намалување на ризици од катастрофи на Општина Конче 2021 – 2024 (Нацрт верзија 2.0)

21 март 2021

**ПИСМО ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ**

**КРАТЕНКИ**

| | |
|---|---|
| **ГИС** | Географски информативен систем |
| **ГРЦУК** | Главен регионален центар за управување со кризи |
| **ДЗС** | Дирекција за заштита и спасување |
| **ЕЛС** | Единица на локална самоуправа |
| **ИДСЦС** | Институт за демократија Социетас Цивилис Скопје |
| **ЈЗУ** | Јавна здравствена установа |
| **ЈП** | Јавно претпријатие |
| **ЈКП** | Јавно комунално претпријатие |
| **КВ** | Кило волт |
| **км²** | Квадратни километри |
| **ЛЕР** | Локален економски развој |
| **МВР ПС Радовиш** | Министерство за внатрешни работи Полициска станица Радовиш |
| **МКФФИС** | Македонски информативен систем за шумски пожари |
| **мнв** | метри надморска височина |
| **м/с** | метри во секунда |
| **МТС** | Материјално-технички средства |
| **м3** | кубни метри |
| **НИКС (NICS)** | Национален команден систем за инциденти од следната генерација |
| **НРК** | Намалување на ризици и катастрофи |
| **НУС** | Неексплодирани убојити средства |
| **НШ – ШС** | ЈП Национални шуми – Шумско стопанство Плачковица |
| **ОПЦЕН** | Оперативен центар |
| **ПО ДЗС** | Подрачно одделение на Дирекција за заштита и спасување |
| **ПУК** | План за управување со кризи |
| **ПШС** | Подружница на шумско стопанство |
| **РСМ** | Република Северна Македонија |
| **РЦУК** | Регионален центар за управување со кризи |
| **РШУК** | Регионален штаб за управување со кризи |
| **СОП** | Стандардна оперативна процедура |
| **СУК** | Систем за управување со кризи |
| **ТД** | Трговско друштво |
| **ТППЕ** | Територијална противпожарна единица |
| **УРК** | Управување со ризици од катастрофи |
| **ХА** | Хектари |
| **ЦЈЗ** | Центар за јавно здравје - Радовиш |
| **ЦУК** | Центар за управување со кризи |
| **ШС** | Шумско стопанство |
| **ШСЕ** | Шумско стопанска единица |

## 1. ВОВЕД

### *1.1 Кус осврт*

Единицата на локална самоуправа Конче се наоѓа во југоисточниот дел од државата и истата се карактеризира со профил на ризици и опасности кој е својствен како за регионот, така и за Република Северна Македонија. Согласно изработената Процена на загрозеност на подрачјето на општина Конче од сите ризици и опасности од 2018 година[1], во профилот на опасностите доминираат екстремните временски услови, поплавите, пожарите (шумските пожари), а во помал обем се присутни и другите опасности, како што се загадувањето на водата, воздухот и почвата, опасностите поврзани со зголемениот број на мигранти и бегалци и др. Во овој контекст се и катастрофалните настани случени во минатото, како што се поплавите (јуни 2004 год., декември 2008 год.), шумските пожари (2008 год., 2011 год., 2012 год.), или невремето проследено со град од јуни 2008 год. Заедно со влошувањето на состојбата на животната средина и зголеменото влијание на климатските промени, очекувано е да настапи значително зголемување на фреквенцијата, интензитетот и магнитудата на овие настани, при што се повеќе и повеќе луѓе се изложени на нивните ефекти. Сето ова е дополнето со новите предизвици во поглед на зголемените опасности како што се мигрантската криза и здравствената криза, пандемијата на КОВИД-19.

Земајќи го сето ова во предвид, може да се констатира дека Општина Конче се соочува со зголемен број на опасности и ризици кои ја слабеат неговата отпорност и на подолг рок ги исцрпуваат ресурсите и капацитетите, негативно влијаејќи на локалниот одржлив развој и погодувајќи ги граѓаните, особено најранливите (на пр. жени, млади, стари, лица со попреченост и др.). Со ова се зголемуваат предизвиците за нивно намалување и ублажување кои неопходно е да се адресираат, нагласувајќи ја потребата за ефективно управување со намалувањето на ризиците од катастрофи на локално ниво. Во тој контекст се наметнува потребата од вметнување на стратешкото планирање на намалувањето на ризиците од катастрофи како основа на понатамошниот отпорен развој на општина Конче. Последователно, во рамките на проектот „***Подобрен капацитет за управување со кризи на општините во Северна Македонија***“ (*Improved capacity for crisis response in municipalities in North Macedonia*) поддржан од Обединетото Кралство преку Владата на Обединетото Кралство, а имплементиран од страна на Институтот за демократија Социетас Цивилис од Скопје, во инклузивен и консултативен процес се подготви првиот ***Стратешки план за намалување на ризици од катастрофи на Општина Конче***.

### *1.2 Пристап и методолошка рамка на стратешкиот план*

Процесот на подготовка, изработка и усвојување на стратешкиот план ја следеше постојната рамка за стратешко планирање на во Републиката. Преку инклузивен и консултативен процес кој поради пандемијата на КОВИД-19 беше организиран виртуелно во периодот февруари – март 2021 год., се дискутираа и определија профилот на опасности, визијата, мисијата и целите на планот, како и приоритетите и мерките и активностите во рамките на следниот четиригодишен период значително зајакнувајќи ја отпорноста на општината. И покрај предизвиците на здравствената криза предизвикана од КОВИД-19 пандемијата, како и строгите протоколи и процедури за

[1] Процена на загрозеноста на подрачјето на Општина Конче од сите ризици и опасности од 2018 година.

организирање на вакви и слични настани, се успеа во постигнување на задоволително ниво на инклузивност и партиципативност во подготовката на овој план и се воспостави пример кој како добра практика може да и послужи на општината за подготовка и ажурирање на слични и исти документи во наредниот период.

Методолошкиот пристап за подготовка на стратешкиот план е идеално избалансиран помеѓу рамката на истражувањето и целите што треба да се постигнат со вклучување на методи и алатки што ќе го поддржат тоа. Како резултат на тоа, врз основа на карактеристиката на задачата, ќе се применат следниве методи на истражување:
- *Анализа на содржината* - во текот на првата фаза од задачата, содржината на сите доставени стратешки планови, документи, извештаи и публикации од значење за стратешкото планирање на локално ниво беа разгледани и анализирани.
- *Компаративната анализа* се користеше за споредба на избрани решенија (концептуални, нормативни и практични) за анализа помеѓу глобалното/националното/локалното ниво за стратешки документи од овој вид.
- *Комбиниран квантитативен/квалитативен дизајн на истражувањето* – за време на задачата се применија он-лајн прашалник за заинтересираните страни од општината, полуструктурирани интервјуа со нивните претставниците, како и консултативна виртуелна фокус група.
- *Квалитативен дизајн на истражувањето* – за време на кодификацијата на добрите практики и примена на методот на триангулација за валидација на податоците од канцелариското истражување, истражувањето и консултациите.

Од аспект на следење на рамката на стратешко планирање, подготовката на Стратешкиот план за намалување на ризиците од катастрофи на Општина Конче ги содржеше следните чекори:
- Анализа на административната поставеност на единицата на локална самоуправа Конче;
- Анализа на рамката за намалување на ризици од катастрофи на локално ниво;
- СВОТ (SWOT) анализа[2];
- Анализа на засегнатите страни на локално ниво;
- Дефинирање на визијата, мисијата и целите на стратешкиот план;
- Дефинирање на приоритетните области од стратешкиот план;
- Подготовка и усогласување на акцискиот план со мерки и активности;
- Реализирање, следење и евалуација на реализацијата на стратешкиот план.

### *1.3 Предмет и задача на стратешкиот план*

Стратешкиот план за намалување на ризици од катастрофи на Општина Конче има за цел да го унапреди управувањето со намалување на ризици од катастрофи на локално ниво, во сегментот на превенција, подготвеност, одговор и опоравок од природни катастрофи. Планот обезбедува стратешка рамка за развојот на намалувањето на ризици од катастрофи на локално ниво, како и за преземање на низа на мерки и активности кои се реални, практични и применливи и кои ќе обезбедат понатамошно зајакнување на отпорноста на општината и граѓаните со цел за градење на долгорочна отпорност кон постоечките и новите ризици и опасности на подрачјето на општината.

[2] СВОТ Анализа означува анализа на силните страни, слабостите, можностите и заканите т.е. SWOT S-Strengths W-Weaknesses O-Opportunities T-Threats.

Стратешкиот план за намалување на ризици од катастрофи на Општина Конче е резултат на спроведена анализа и проценка на расположливите податоци и информации, профилираните опасности и ризици, организирањето на функционирањето на субјектите на локално и регионално ниво, истражувањето на консултантот, спроведување на виртуелните консултации со заинтересираните страни од општината, како и вградување на нивните перцепции за постоечката состојба, приоритетните области, потребите и очекувањата.

***1.4 Начела на стратешкиот план***

Стратешкиот план за намалување на ризици од катастрофи се заснова на следниве начела:

***а) Начело на приоритет:*** Намалувањето на ризици од катастрофи е приоритет на национално и локално ниво.
***б) Начело на интегрирано дејствување:*** Мерките и активностите кои се спроведуваат во намалувањето на ризици од катастрофи се засновани во нормативните, институционалните и програмските рамки на субјектите на системот за управување со намалување на ризици од катастрофи.
***в) Начело на меѓусекторска соработка:*** Имплементацијата на стретешкиот план се заснова на оперативни постапки, комуникација, координација и соработка на субјектите на системот за управување со намалување на ризици од катастрофи и се врши во духот на меѓусекторската соработка и партнерство.
***г) Начело на рамноправност и заштита на човечките права:*** Во рамките на реализацијата на Стратешкиот план за намалување на ризици од катастрофи за подрачјето на општина Конче, ќе се води грижа за почитување на начелото на рамноправност на половите, при што ниту една мерка или активност не треба да доведе до загрозување на истото. Исто така, мерките и активностите треба да се засноваат на почитувањето на основните човечки права и треба да бидат достапни до сите категории на граѓани, вклучувајќи ги и ранливите групи (жените, лицата со попреченост, младите, старите, етничките заедници и сл.).
***д) Начело на информирање на јавноста:*** Единицата на локална самоуправа Конче во согласност со утврдената процедура навремено и целосно ќе ја информира јавноста за аспектите на намалувањето на ризици од катастрофи, релевантните информации и податоци за опасностите и ризиците, како и мерките и активностите за заштита од нивните последици, одговор и опоравок вклучувајќи ги и граѓаните.

***1.5 Вертикално и хоризонтално поврзување на Стратешкиот план за намалување на ризици од катастрофи на Општина Конче со други документи***

Како стратешки-акционен документ за подобрување на отпорноста и намалувањето на ризиците од катастрофи на подрачјето на Општина Конче, овој стратешки план е заснован врз постоечката законодавна рамка на управувањето со намалувањето на ризици од катастрофи и ги следи глобалните, националните, регионалните и локалните стратешки документи, програми и планови.

- ***Стратешкиот план за намалување на ризици од катастрофи за Општина Конче и глобалната рамка за намалување на ризици од катастрофи***

Стратешкиот план за намалување на ризици од катастрофи на Општина Конче е поврзан со современата рамка за управување со намалувањето на ризици од катастрофи, одржлив развој и

климатски промени. На тој начин придонесува за исполнување на обврските на државата кои произлегуваат од овие документи. Така на пример, во контекст ***на Рамката за намалување на ризици од катастрофи од Сендаи 2015 - 2030***[3] изработката на ваков плански документ е во контекст на исполнувањето на целите и препораките кои произлегуваат од истата, а особено на ***Цел Е: Значително зголемување на бројот на држави со национални и локални стратегии за намалување на ризици и катастрофи до 2020 год.***[4], како и четирите приоритети од оваа рамка. Во поглед на ***Целите на одржливиот развој***[5], се поддржува исполнувањето на определени цели, како и практичнатаимплементација на член 8 од ***Парискиот договор за климата***[6].

- ***Вертикално поврзување со национаоните и регионалните документи***

Стратешкиот план за намалување на ризици од катастрофи на Општина Конче ги следи националните и регионалните стратегии и документи со цел за обезбедување на синергија при нивното реализирање. За жал не е донесена Национална стратегија за намалување на ризици од катастрофи како основен документ со кој ќе се воспостави стратешката рамка на управувањето со намалувањето на ризиците од катастрофи во државата. Исто така, Националната стратегија за заштита и спасување беше донесена за периодот 2014 – 2020 год., а во тек е пдоготовка на нова стратегија и не можат да се ускладат мерките и активностите. Сепак, со оглед на оваа постоечка состојба, препорачливо е при евалуацијата на среден рок да се изврши ажурирање на овој план со донесената стратегија за заштита и спасување и доколку се донесе национална стратегија за НРК. Од друга страна, стратешкиот план е индиректно во корелација со други стратешки, програмски и плански документи, од поширокиот сегмент на управувањето со намалувањето на ризици од катастрофи, како што се Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 – 2026 со Акционен план за периодот 2021 – 2023 год., Националната стратегија за заштита на природата 2017 – 2027, Планот за подготвеност и одговор на здравствениот систем при справување со итни, кризни состојби и катастрофи (2017), Акциониот план за превенирање на штетните влијанија и последиците од студеното време и студените бранови врз здравјето на населението во Република Македонија (2011), Акциониот план за превенирање на последиците од топлотните бранови врз здравјето на населението во Република Македонија (2011). На регионално ниво постојат допирни точки со Програмата за развој на југоисточниот плански регион 2020 – 2024 год.

Comment [VP1]: Доколку е донесена...

- ***Хоризонтално поврзување со локалните стратешки, програмски и плански документи***

Comment [VP2]: Дали има други локални документи?

Општина Конче нема донесено многу локални стратешки, програмски и плански документи од областите под нејзина надлежност, но сепак овој стратешки план за намалување на ризици од катастрофи е во корелација со постоечките обезбедувајќи синергија при нивното реализирање. Така на пример, според доставените документи, овој план е во согласност со следниве: Стратешки план за развој за периодот 2020 – 2027 за општини Радовиш и Конче (доколку е донесен); Интегриран план за локален развој на Општина Конче 2019 – 2022; Социјален план на Општина Конче 2020; Процена на загрозеноста на подрачјето на Општина Конче од сите видови на ризици и

[3] https://www.preventionweb.net/files/43291_sendaiframeworkfordrren.pdf
[4] Иако во Рамката од Сендаи рокот за оваа цел е наведен до 2020 год., истиот се продолжува до 2030 година.
[5] https://www.unisdr.org/files/46052_disasterriskreductioninthe2030agend.pdf
[6] https://unfccc.int/sites/default/files/english_paris_agreement.pdf

опасности од јануари 2018 година; Процена на загрозеност на Општина Конче од природни непогоди и други несреќи (Која година?); План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи од мај 2020 година.

## 2. ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА РИЗИЦИ ОД КАТАСТРОФИ НА ЛОКАЛНО НИВО

### *2.1 Организација на локалната самоуправа на подрачјето на Општина Конче*

Седиштето на ЕЛС Конче е во истоименото населено место. За извршување на општинските надлежности формирана е општинска администрација со свои надлежни органи. Со одлуката за внатрешна организација на Општина Конче се дефинираат организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите и обврските на администрацијата, облиците и рокаоводењето со истата. Во табелата подолу е даден основен преглед на структурата на општинската администрација, при што деталните надлежности, обврски и одговорности на Општина Конче според Законот за локална самуправа се дадени во ***Прилог 1***.

| Општина | Градоначалник | Општински совет (советници) | Одделенија |
|---|---|---|---|
| **Конче** | **Благој Илиев** | **9** | - За правни и општи работи;<br>- За финансиски прашања;<br>- За урбанизам, комунални работи, заштита на животна средина и локален економски развој;<br>- За инспекциски надзор. |

***Табела – Преглед на општинската администрација на ЕЛС Конче***[7]

Со оглед на фактот дека Општина Конче е мала, рурална општина, дел од своите надлежности ги има пренесено на Општина Радовиш во согласност со начелото на меѓуопштинска сорботка. Покрај овие органи, на територијата на општините функционираат јавно претпријатие, јавни установи и служби, како што се на пример Јавното комунално претпријатие „Лакавица“ с.Конче, општинските основни училишта. Од друга страна, подрачните единици на државната власт кои се наоѓаат на подрачјето на Општина Радовиш ја опфаќаат и општина Конче.

На подрачјето на Општина Конче функционираат осум месни заедници преку кои се остварува месната самоуправа како облик на изразување на заеднички интерес на граѓаните и заради давање придонес за решавање на нивните секојдневни потреби во непосредната околина на подрачје за кое тие се основани и вклучување во системот на одлучување во локалната самоуправа. Месни заедници се основани во следниве населени места: Габревци, Горни Липовиќ, Дедино, Долни Липовиќ, Конче, Лубница, Ракитец и Скоруша, Загорци и Гарван. На територијата на општината е регистрирано Здружението на жени „Конечанка“ од Конче.

[7] Податоците се превземени од веб страницата на Општина Конче: http://konce.gov.mk/

### *2.2 Организација на системот за намалување на ризици од катастрофи на подрачјето на Општина Конче*

#### *2.2.1 Вовед*

Според Канцеларијата на Организацијата на Обединетите нации – УНДРР (The United Nations Office for Disaster Risk Reduction - UNDRR), ***управувањето со намалувањето на ризиците од катастрофи*** *претставува примена на политиките и стратегиите за заштита од новите ризици од катастрофи, намалување на постојниот ризик од катастрофи и управување со преостанатиот ризик, придонесувајќи за отпорност и намалување на загубите од катастрофи.*[8] Од друга страна, стратешките документи т.е. планови ги дефинираат целите и приоритетите кои преку реализирање на соодветни мерки и активности во определен временски период треба да придонесат за намалување на ризикот и зајакнување на отпорноста на општествата и заедниците.

> ***Намалувањето на ризикот од катастрофи*** има за цел да ги превенира новите и да ги намали постојните ризици од катастрофи и да го управува преостанатиот ризик, со што се придонесува за зајканување на отпорноста и пследователно постигнување на одржливиот развој.
>
> ***Извор: УНДРР***
> https://tinyurl.com/ubdb2xhc

Во Република Северна Македонија управувањето со намалувањето на ризикот од катастрофи се реализира на сеопфатен начин преку системите за управување со кризи и заштита и спасување, како и преку останатите области и надлежности на локално ниво, а тоа се првенствено противпожарната и здравствената заштита, како и преку вклучување во останатите надлежности на ЕЛС Конче на пр. урбанизам, заштита на животна средина, образование и др. Во контекст на овој стратешки план, подолу е дадена поставеноста управувањето со кризи, заштитата и спасувањето, противпожарната и здравствената заштита на локално ниво. Вклучувањето во останатите онадлежности и области практично се реализира преку идентификување на соодветни мерки и активности.

#### *2.2.2 Управување со кризи - надлежности на Општина Конче за управување со кризи*

> Во справувањето со кризи, општината:
> - ги следи состојбите, дејствијата и појавите кои можат да доведат до настанување на криза во општината;
> - донесува процена на загрозеноста од ризици и опасности за настанување на кризна состојба на подрачјето на општината;
> - донесува програма за ревитализација на општинита по елиминирањето на кризата;
> - одлучува за висината на средствата за управување со кризи од буџетот.

Согласно ЗУК, член 5, општина Конче во рамките на своите надлежности утврдени со закон, има обврска за свои потреби, заради ефикасна превенција и рано предупредување од потенцијална кризна состојба да врши процена на ризиците и опасностите на локално ниво, да ги утврдува потребите и да ги планира ресурсите и ги спроведува одлуките на Владата во врска со управување со криза на подрачјето на општината. Процената на загрозеност за општина Конче ја изработува РЦУК Радовиш. Во справувањето со криза градоначалникот на општината, обезбедува

k-management

координација на учесниците во системот за управување со кризи на локално ниво.

Јавните претпријатија, јавните установи и служби на подрачјето на општината имаат обврска да се подготвуваат за извршување на нивните функции и задачи за превенција и справување со ризици и опасности кои можат да предизвикаат криза или кризна состојба во државата или на одреден нејзин дел. Посебните надлежности се предвидени со Законот за управување со кризи и офаќаат заштита и спасување на вработените, учество во обуки, вежбовни и други активности за превенција и справување со кризна состојба, ставање на располагање на сопствените ресурси, преземање на активности во случај на настанување на ненадејна несреќа или кризна појава, планирање и преземање на потребни превентивни мерки и градење капацитети за справување со кризи и непогоди од поголем интензитет, финансирање на активностите од сопствени извори и остварување на други обврски.

- На оперативно- стручно ниво се формира ***Регионалниот штаб за управување со кризи Радовиш*** и раководи со активностите за превенција и справување со кризни ситуации на подрачјето на општините Радовиш и Конче. Раководи раководителот на РЦУК Радовиш, а составен е од висок претставник на единиците на локална самоуправа (градоначалниците или назначени претставници), претставници на подрачните единици на министерствата, претставник на ПО ДЗС во Радовиш, на ОО ЦК, како и по потреба останати членови (претставници на јавните комунални претпријатија и др.). Редовните седници на штабот се свикуваат најмалку два пати годишно, а по потреба и почесто. Вонредните седници на штабот се свикуваат заради итна превенција или справување со кризна ситуација. РШУК Радовиш донесува заклучоци во форма на заклучок одлуки, препораки, насоки и други мерки и активности на РШУК.

> РЦУК Радовиш има надлежност над подрачјето на општина Конче и локалното покривање на општината се врши со поединечно определено лице. РЦУК Радовиш е во подрачјето на надлежност на Главниот регионален центар за управување со кризи (ГРЦУК) Струмица кој е надлежен за југоисточниот регион и работи непрекинато 24 часови, 7 дена во неделата. Дежурната служба може да се добие на карактеристичниот и бесплатен телефонски број 195, кој во блиска иднина ќе биде заменет со Европскиот број за итни повици Е-112.

- ***Функции и задачи на ЕЛС Конче во услови на прогласена кризна состојба***

Според ЗУК, член 30 (29/05) *кризна состојба* се прогласува заради справување со состојба која претставува ризик по добрата, здравјето и животите на луѓето и животните или опасност по безбедноста на Републиката или на нејзин дел. Последователно се активираат механизмите за одговор и справување со употреба на ресурсите на органите на државната управа, општините и Градот Скопје. На регионално/локално ниво функционираат регионалните штабови за управување со кризи. Преку нив практично се раководи и се имплементираат активностите за справување со кризната состојба. Според потребата општините можат да учествуваат и во работата на Главниот штаб за управување со кризи преку свои надворешни претставници. Обврски на ЕЛС Конче со

просторни сили за заштита и спасување, јавните претпријатија и ТППЕ во услови на прогласена кризна состојба се следниве[9]:

- Проценување на настанатата кризна состојба на подрачјето на општината и активирање на просторниот штаб за заштита и спасување;
- Активирање на оперативните планови и интерните процедури за работа при кризна состојба;
- Активирање на просторните единици за заштита и спасување и ставање во функција на сите ресурси во рамките на општината (ЈП, општинскиот Црвен крст и невладините организации во рамките на општината);
- Подготвување на комуналните потреби на предвидените собирни места за евакуирани граѓани;
- Ангажирање на граѓаните во урбаните заедници, односно месните заедници и нивна координација на активностите во справување со кризата;
- Организирање на работа на комисија за утврдување на штетите настанати од кризната состојба;
- Мобилизирање на просторните единици за заштита и спасување и ставање во функција на сите ресурси во рамките на општината (ЈП, општинскиот Црвен крст и невладините организации во рамките на општината);
- Поддршка на државните институции со силите и капацитетите на ЈП и ТППЕ.

Општина Конче има и конкретни задолженија во рамките на справувањето (реакција и поддршка) со индивидуалните ризици/опасности и тие се дел од *Стандардните оперативни процедури за комуникација, координација и соработка помеѓу субјектите од системот за управување со кризи во прогласена кризна состојба*.[10]

### *2.2.3 Заштита и спасување - надлежности на Општина Конче*

Системот за заштита и спасување е воспоставен во 2004 год. со цел за заштита на населението, животната средина, материјалните добра, природните ресурси, биодиверзитетот и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мир, вонредна и воена состојба. Општина Конче, како и другите општини во државата има определени надлежности според Законот за заштита и спасување, и тоа како општи надлежности и надлежности на Советот на општината и Градоначалникот[11] и тие се прикажани во табелата подолу. Од нив, најзначајни се донесување на процена на загрозеност и планска документација за заштита и спасување, формирање на просторни сили за подрачјето на општината, како и формирање на Општински штаб за заштита и спасување. Исто така и јавните претпријатија, установи и трговски претпријатија имаат свои обврски за заштита и спасување според предметниот закон. Од друга страна, граѓаните на Општина Конче ги имаат следниве права и должности: да учествуваат во заштитата и спасувањето; да извршуваат материјална обврска и да се оспособуваат и подготвуваат за самозаштита, како и

[9] Центар за управување со кризи. Стандардни оперативни процедури за комуникација, координација и соработка помеѓу субјектите на системот за справување со кризи во прогласена кризна состојба. 2016. стр.16-17.

[10] https://cuk.gov.mk/files/Standardni%20operativni%20proceduri%20B5%20mkd.pdf

[11] Надлежностите на ЕЛС се општи обврските кои произлегуваат од од Законот за заштита и спасување (пречистен текст), додека надлежностите на Советот на општината и градоначалникот се дефинирани со членовите 34, 35 и 36 од Законот за заштита и спасување (пречистен текст).

учество во заштитата и спасување. Надлежност над подрачјето на Општина Конче има Подрачното одделение на ДЗС се седиште во Радовиш.

| Надлежност на ЕЛС | Надлежност на Совет на ЕЛС/Град Скопје | Надлежност на Градоначалник |
|---|---|---|
| Формираат Просторни сили за заштита и спасување | Одлучува за воспоставување на потребна организација за заштита и спасување и за спроведување на мерките за ЗиС. | Го предлага Планот за заштита и спасување. |
| Изработка на Процена на загрозеност од природни непогоди и други несреќи и План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи | Донесува Годишна програма за заштита и спасување | Ја следи состојбата во врска со реализацијата на донесените одлуки од Советот на ЕЛС за спречување на настанувањето и за отстранувањето на последиците од природните непогоди и други несреќи. |
| Вградување на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во редовното планирање и работа | Донесува Процена на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на општината/Град Скопје | Одговорен е за подготвеноста на силите за заштита и спасување кои единицата на локалната самоуправа ги формирала. |
| Уредување на просторот и изградба на објекти, во функција на заштита и спасување | Донесува План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи | Одлучува за ангажирање на силите за заштита и спасување кои единици на локална самоуправа ги формирала |
| Воспоставување организација и систем потребни за заштита и спасување | Донесува одлука за формирање на просторни сили за заштита и спасување. | Раководи и ги координира активностите за заштита и спасување што ги спроведува единицата на локалната самоуправа до активирање на подрачните штабови |
| Обезбедување материјална база, персонал и други ресурси потребни за извршување на планираната организација | Заради отстранување на последиците од настанатите природни непогоди и други несреќи, ги утврдува обврските на јавните претпријатија, установи и служби од локален карактер кои тие ги основале во: гаснење на пожари и спасување на луѓе и имот при сообраќајни, техничко-технолошки и други несреќи; расчистување на локални патишта, улиците и другите инфраструктурни објекти во случај на непроодност поради врнежи од снег, наноси од снег, голомразица, наноси од земја предизвикани од силни врнежи, одрони, лизгање на земјиштето и друго; укажување на прва медицинска помош во случај на појава на зголемен број на заболени и повредени и спречување на ширењето на заразни болести; заштита на животните и растенијата во случај на појава на болести, штетници и други природни непогоди. | Го следи остварувањето на акциите за расчистување на локални патишта, улиците и другите инфраструктурни објекти во случај на настанување на природни непогоди или и други несреќи на подрачјето на единицата на локалната самоуправа |
| Преземање на активности и мерки за заштита и спасување кои задолжително се преземаат во случај на непосредна опасност (прибирање податоци за можна опасност; известување на субјектите преку системот за врски; зголемена готовност и активирање на надлежните субјекти и силите за заштита и спасување; обезбедување на јавен ред и мир во загрозеното подрачје; преземање други мерки за заштита и спасување) | Ја следи подготвеноста на единицата на локалната самоуправа за заштита и спасување | Бара помош во ангажирање на просторните сили за заштита и спасување, формирани кај правните лица од подрачјето на единицата на локалната самоуправа |
| Преземање активности и мерки кои задолжително се спроведуваат за отстранување на последиците (процена на штети и последици; санација на подрачјето зафатено со несреќата; обезбедување и давање на неопходна помош на населението; спроведување на здравствени и епидемиолошко хигиенски мерки; спроведување на мерки за заштита на растенијата и производите од нив; организирање на снабдувањето и на комуналните услуги заради брзо нормализирање на животот). | Одлучува за висината на средствата потребни за заштита и спасување од буџетот на единицата на локалната самоуправа | Во услови кога со силите за заштита и спасување од точката 4 на овој член ако не можат да се отстранат последиците од природните непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи, бара ангажирање на републичките сили за заштита и спасување |
| Изградба на јавни засолништа за задоволување на потребните капацитети за засолнување на луѓето, материјалните добра и културното наследство од своето подрачје. | Одлучува за висината на средствата од буџетот на единицата на локалната самоуправа за надомест на штета од природни непогоди и други несреќи | Назначува одговорно лице за заштита и спасување или формира одделение |
| Градот Скопје како посебна единица на локалната самоуправа ги координира активностите во областа на заштитата и спасувањето на своето подрачје и во заштитата и спасувањето на општините од Градот Скопје кои се должни да соработуваат и постапуваат по насоките од Градот Скопје. За остварување на оваа надлежност Градот Скопје формира Градски штаб за заштита и спасување | Одлучува за распределба на хуманитарна помош наменета за настраданото население во единиците на локалната самоуправа. | |
| Обезбедува финансиски средства за единиците на локалната самоуправа за потребите на заштитата и спасувањето од сопствените средства во согласност со закон | | |

### *2.2.4 Противпожарна заштита на подрачјето на Општина Конче*

Пожарникарството е дел од системот за заштита и спасување и е надлежност на Општина Конче. Општината нема формирано своја територијална противпожарна единица и поради тоа противпожарната заштита се реализира преку ТППЕ Радовиш која го покрива и подрачјето на Конче и преку Доброволно противпожарно друштво ,,Горици Оператива,, од Конче. ТППЕ се главен оперативен ресурс на општината за справување со кризи и катастрофи, со оглед на нивната главна дејност која се состои од гаснење на пожари, спасување на животот на граѓаните и заштита на имотот кои се загрозени од пожари и експлозии, укажување на техничка помош при незгоди и опасни ситуации, како и извршување на други работи при несреќи и непогоди. Општина Конче во рамките на своите материјални можности обезбедува потребни услови за квалитетна и технички стручно подготвена единица за противпожарна заштита, која ќе може брзо и ефикасно да дејствува на целото подрачје на Општина Конче.

### *2.2.5 Здравствена заштита на подрачјето на Општина Конче*

Со оглед на фактот дека пандемијата на COVID-19 сериозно ја погоди државата, заедниците и граѓаните на еден досега невиден начин и дека здравствените ризици се присутни повеќе од било кога, важно е да се претставaт основните надлежности на општината во сегментот на здравствената заштита, а првенствено во делот на превенцијата и справувањето со заразните болести. Надлежностите од сегментот на здравствена заштита се дефинирани со ***член 22 од Законот за локална самоуправа*** и се состојат од учество во управувањето со мрежата на јавни здравствени организации и објекти од примарна здравствена заштита кои треба да вклучат застапеност на локалната самоуправа во сите одбори на сите здравствени организации во јавна сопственост; здравственото воспитување; унапредување на здравјето; превентивни активности; заштита на здравјето на работниците и заштита при работа; здравствен надзор над животната средина; надзор над заразните болести; помош на пациенти со специјални потреби (на пример, ментално здравје, злоупотреба на деца итн.) и други области кои ќе бидат утврдени со закон. Општина Конче е дел од организацијата на системот на јавно здравје и заедно со Општина Радовиш формираат *Совет за јавно здравје* и учествува во финансирањето на јавното здравје, вклучувајќи ги и дополнителните активности од интерес за јавното здравје. Врз основа на ***Законот за заштита на населението од заразни болести (Редакциски пречистен текст 2018)***[12]***,*** општината ги има следниве обврски:

| |
|---|
| Соработува и разменува информации за спроведувањето на мерките за спречување на појавата, раното откривање, ширењето и сузбивањето на заразните болести и на инфекциите; |
| Доставува барања до ЦЈЗ Радовиш за информации за заразните болести и организира и спроведува активности за промоција на здравјето и превенција на заразни болести; |
| Спроведува општи мерки за заштита од заразни болести според член 12 и Советот на општината донесува годишна програма; |
| Спроведува редовна и вонредна дезинфекција, дезинсекција и дератизација на населбите и нивната околина; |
| Обезбедува финансиски средства од својот буџет за спроведување на општите мерки и |

[12] http://zdravstvo.gov.mk/wp-content/uploads/2018/01/ZAKON-ZA-ZASHTITA-NA-NASELENIETO-OD-ZARAZNI-BOLESTI-zakluchno-so-br.-37-od-2016.pdf Пристапено на 24 мај 2020 год.

здравствена едукација.

### *2.2.6 Субјекти на управувањето со намалување на ризици од катастрофи на подрачјето на Општина Конче*

На подрачјето на Општина Конче како субјекти кои учествуваат во намалувањето на ризиците од катастрофи се присутни следниве институции:

- РЦУК Радовиш;
- Подрачно одделение на Дирекцијата за заштита и спасување (ПО ДЗС) во Радовиш;
- Јавно комунално претпријатие Лакавица (ЈКП) – с. Конче;
- Јавна здравствена установа Здравствен дом (ЈЗУ) – Радовиш;
- Итна медицинска помош (ИМП) – Радовиш;
- Територијална противпожарна единица (ТППЕ) – Радовиш;
- Доброволно противпожарно друштво ,,Горици Оператива,, од с. Конче;
- Министерство за внатрешни работи – СВР ОВР Радовиш (МВР СВР ОВР Радовиш);
- Национални шуми – Шумско стопанство Плачковица (НШ – ШС) – Радовиш;
- Центар за јавно здравје (ЦЈЗ) – Радовиш;
- Општинска организација на Црвен крст (ЦК) – Радовиш.

Исто така, во рамките на поширокиот сегмент на субјекти за намалување на ризици од катастрофи кои се од значење за подрачјето на Општина Конче, а кои се наведени во процените и планските документи во сегментот на ресурсите за одговор, се вбројуваат приватните здравствени и стоматолошки организации и аптеки, како и ЈП Радовишко поле - Радовиш.

## 3. ПРОФИЛ НА ОПШТИНА КОНЧЕ

### *3.1 Подрачје на општината и географија*

#### *3.1.1 Општи податоци*

Општината Конче се наоѓа во југоисточниот дел од територијата на Република Северна Македонија, на северозападниот дел од радовишко-струмичката котлина со подрачје од од 233,05 км² или 23,305 ха. Конче е типично рурална општина опкружена со планините Конечка планина и Смрдешник, и која граничи со општините Радовиш, Василево, Струмица, Валандово, Демир Капија, Неготино и Радовиш. На подрачјето на општината има вкупно 14 населени места (Габревци, Гарван, Горна Враштица, Горни Липовиќ, Дедино, Долна Враштица, Долни Липовиќ, Долни Радеш, Загорци, Конче, Лубница, Негреновци, Ракитеци и Скоруша).




***Мапа на населени места на подрачјето на општина Конче***[13]

#### *3.1.2 Хидрологија, пошуменост и земјиште*

***Хидрографските карактеристики*** на подрачјето на општина Конче се слични со карактеристиките на југоисточниот дел од земјата, на пр. реки, поројници, подземни води, извори, вештачки акумулации. Реката крива Лакавица е главниот речен тек на подрачјето на општината. Нејзината должина е 42 км и тоа од изворот кај селото Долни Липовиќ, па се до вливот

[13] Мапата е преземена од https://mk.wikipedia.org/ (Пристапено на 15.02.2021 год.)

во река Брегалница кај селото Софилари. Нејзини главни карактеристики се можното пресушување во текот на летните месеци, како и трансформацијата во поројна река во случај на поројни дождови која може да поплави големи површини и да предизвика голема штета. На подрачјето на Конче има и други реки, на пр. Липовска река, Пршево, Радешка река и Скорушка река кои се со екстремен минимум или максумум кој при големи поројни дождови се излеваат и го поплавуваат околното обработливо земјиште. Исто така, присутни се и ерозивни и акумулативни форми во релјефот во вид на бразди, суводолици, поројни водотеци и сл. На подрачјето на општината има три вештачки акумулации, од која Мантово е најголема со површина од 356 ха и воден волумен од 49.4 милиони м3. Изградена е во 1978 год. и нејзина главна намена е наводнување на Радовишката котлина и обезбедување на индустриска вода. Другите две вештачки акумулации се значително помали (Конче 1 со воден волумент од 100,000 м3 и Конче 3 со воден волумен од 122,000 м3.. Освен во три села во кои се користат бунари, во сите останати има водоводна мрежа со извори и каптажи.

Најзначајните ***шумски комплекси*** на подрачјето на општина Конче се наоѓаат на Конечка планина и Смрдешник, при што најзастапени се дабовите и јасеновите шуми и буката. За Општина Конче е карактеристично што се вбројува во групата на единици на локална самоуправа во кои шумите и шумското земјиште завземаат 50% - 82% од географската површина на општината. Во речните долини има присуство на врби, тополи и евли. Шумите спаѓаат во средно отворени шуми со сообраќајници. Подигањето на шумите, освен за збогатување на шумскиот фонд, има цел и заштита на шумското и на земјоделското земјиште од ерозивните процеси. Шумите се користат првенствено за дрвна маса, како и собирање на шумски производи и билки. За жал, бесправната сеча секоја година се зголемува и оваа територија спаѓа во групата на најзагрозени подрачја[14].

На територијата на општината има вкупно ***земјоделско земјиште*** од 2,360 ха што претставува 10% од вкупната територија. Шумските комплекси се со површина од 9,429 ха или 40% од територијата и пасиштата се со површина од 2,319 ха или 10% од вкупната територија. Деталниот пресек по категории на земјиште е даден во табелата долу.

| Општина | Обработливо земјиште | Ниви | Лозови насади | Овоштарници | Пасишта | Шуми |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Конче** | 2,360 | 2,200 | 72 | 88 | 2,319 | 9,429 |

***Табела - Вкупна површина на земјиште по категории на подрачјето на ЕЛС Конче[15]***

### *3.1.3 Климатски услови*

Подрачјето на општина Конче има умерено-континенталната клима, со влијание на медитеранската клима по долината на реката Вардар, како и планинската во планинските делови. Највисока температура има за време на долгите и топли лета со просечна среднодневна температура од 23°C, додека зимите се најстудениот период во годината со најниска просечна температура од 1.2°C. Просечните средногодишни температури изнесуваат од 12.5°C до 13°C во низинските делови, а во планинските делови се до 7.5°C. Карактеристични се западниот, северозападниот, јужниот и југозападниот ветер, а многу поретко северниот. Просечните годишни врнежи се проценуваат на 563 мм, со големи варијации и разлика помеѓу количината и

[14] https://tinyurl.com/y8n2no6a
[15] „План за развој на југоисточен регион“ (2014).

интензитетот на врнежи во низинскиот и во планинскиот дел. Останати климатски карактеристики на регионот се просечниот број на сончеви часови годишно - 2,326, бројот на денови со магла – максимум 20 денови и средногодишниот број на денови со снег – 14 денови.

### *3.1.4 Демографски карактеристики и домување*

Според последниот Попис на население и домаќинствата од 2002 год. вкупниот број на жители во општина Конче изнесува 3,536 граѓани. Од вкупниот број на жители, во општинскиот центар Конче живеат 967 жители или една третина од вкупното население. Густината на жители на км2 изнесува 16 во општина Конче. Вкупно има 1,057 домаќинства, вкупниот број на станови 1,174, а просечната големина на семејство изнесува 3.3 членови.Според националната застапеност, Македонците се мнозинство (85.09%), а следуваат Турците (14.73%) и други (0.18%). Што се однесува до структурата по возрасни групи, најголемата група ја сочинуваат лицата од т.н работоспособна возраст од 25 – 64 години на старост со 1,807 лица (51.1%). По нив следуваат младите од 0 – 24 години возраст со 1,321 жители или 37.4% и постарите лица над 65 годишна возраст т.е. 409 лица или 11.5%.

| Општина | Вкупно | Мажи | % | Жени | % | Македонци | Турци | Останати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Конче** | **3,536** | 1,886 | 53.33 | 1,650 | 46.67 | 3,009 | 521 | 6 |

***Табела - Преглед на население на подрачјето на општините Радовиш и Конче според род и национална застапеност (Попис, 2002)[16]***




***Мапа на население на подрачјето на опшина Конче според националната застапеност (Попис, 2002)[17]***

[16] http://www.stat.gov.mk/PublikaciiPoOblast.aspx?id=54&rbrObl=31

### *3.1.5 Социо-економски развој*

На подрачјето на општина Конче земјоделието т.е. одлгедувањето на тутун е примарна стопанска дејност и тоа тип *Јака* со приближно производство од 1 милион кг годишно што претставува 5% од вкупноот производство во државата. Од другите земјоделски култури на овој простор се одгледуваат: пченка, пченица, градинарски култури, лозови насади, овошни насади (јаболка, праски, сливи, ореви, миндали, цреша) и друго. Во населените места во општината има регистрирано само мали трговски објекти (продавници), за линиски локален патен превоз и мал стопански капацитет за откуп и преработка на млеко. Општина Конче, покрај тоа што е една чиста и еколошки здрава средина, располага и со огромни резерви на мермер, глина и бакарна руда, со застапеност и на повеќе благородни метали, што претставува и еден иден потенцијал на рударството, односно можен почеток за нов профил и индустриски развој на општината.[18]

### *3.1.6 Инфраструктура*

***Сообраќајна инфраструктура:*** Општина Конче има поволна положба во однос на транспортот и сообраќајните комуникации. Се наоѓа блиску до главниот коридор низ југоисточниот регион, како и во близина на Коридор 10. Патната категоризација е на регионални и локални патишта. Општина Конче преку регионалниот пат Конче – Радовиш (П 606) во должина од 22 км е поврзана со магистралниот пат Радовиш - Струмица. Остатокот на патната инфраструктура се состои од локални патишта кои ги поврзуваат населените места на подрачјата на двете општини.

***Комуникациска инфраструктура:*** На подрачјето на општината функционираат сите оператори за мобилна телефонија и пристапот на интернет е достапен преку фиксна, кабловска и оптичка мрежа или преку мобилен интернет.

***Енергетска инфраструктура:*** Општината се напојува со електрична енергија од трафостаницата „Радовиш“ која се наоѓа на влезот во градот Радовиш и е со капацитет од 110/20/10кв. Одржувањето и изградбата на уличното осветлување е во надлежност на Општината, а во согласност со годишна програма, ја извршува Општинското јавно комунално претпријатие ЈКПД „Лакавица“ – Конче.

### *3.1.7 Животна средина*

Како позначаен еколошки проблем се истакнува проблемот со депонијата која не е изградена според еколошки стандарди, како и во незначителна мера проблеми со ерозија на земјиштето. На територијата на Општина Конче нема потенцијални загадувачи на воздухот, но постои практика на палење на комуналниот отпад, растителните остатоци и пластичните материјали на отворен простор. Индиректна опасност за подрачјето на општината претставува рудникот Бучим, иако не се наоѓа на нејзина територија. Пример за ова е истекувањето од околината на ископот кон крајот на февруари и загадувањето на река Крива Лакавица.[19]

### *3.1.8 Образование, здравје и култура*

---

[17] Мапата е преземена од https://mk.wikipedia.org/ Пристапено на 16.02.2021 год.
[18] Општина Конче. *Интегриран план за локален развој на општина Конче*. 2019 – 2022. стр. 22.
[19] https://tinyurl.com/w9bcy34n

***Образование:*** На подрачјето на Општина Конче функционира едно основно училиште Гоце Делчев со пет пет подрачни училишта, во населените места: Габревци, Горни Липовиќ, Дедино, Долни Липовиќ и Ракитец. Исто така, за згрижување на деца, функционира детската градинка 12 јули во Конче.

***Здравство:*** На подрачјето на општина Конче функционираат по една амбуланта, приватна стоматолошка ординација и аптека во н.м. Конче. Останатите сдравствени услуги се обезбедуваат од Јавната здравствена установа Здравствен дом – Радовиш.

***Култура и историско наследство:*** Институција од областа на културата во Конче е Домот на култура во Конче, Дом на културата во с. Дедино, Дом на културата во с. Долни Липовиќ и Дом на културата во с. Ракитец. На подрачјето на општината се наоѓаат и неколку значајни археолошки локалитети од различни историски периоди: Габревци, Гајнов Дол и Манастириште, како и манастирскиот комплекс Св. Стефан.

# 4. ПРОФИЛ НА РИЗИЦИ ОД КАТАСТРОФИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КОНЧЕ

## *4.1 Општо за профилот на опасности*

Подрачјето на општина Конче се карактеризира со профил на ризици и опасности кој е карактеристичен како за регионот, така и за државата. Согласно изработената Процена на загрозеноста на подрачјето на Општина Конче од сите ризици и опасности од 2014 година, во профилот на опасностите доминираат поплавите, пожарите (шумските пожари), екстремните временски појави (невреме проследено со град), како и другите опасности како што се сушните периоди, загадувањето на почвата и водата и температурните минимуми и максимуми. Во овој контекст се и катастрофалните настани случени во минатото, како што се поплавите (јуни 2004 год., декември 2008 год, февруари 2013 год. или поројната поплава од јуни 2018 год.), шумските пожари (2008 год., 2011 год. 2012 год, 2013 год.), или олујните невремиња проследени со град кои се карактеристични за секоја летна сезона, како и другите кои се карактеристични за подрачјето на општината. Прегледот на случените настани на подрачјето на Општина Конче е даден во табелата подолу. Заедно со влошувањето на состојбата на животната средина и зголеменото влијание на климатските промени, очекувано е да настапи значително зголемување на фреквенцијата, интензитетот и магнитудата на овие настани, при што се повеќе и повеќе луѓе се изложени на нивните ефекти. Сето ова е дополнето со новите предизвици во поглед на зголемените опасности како што се мигрантската криза или пандемијата на КОВИД-19. Според тоа профилот на опасности за општината е следниов:

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ПРВ СТЕПЕН** | (зелена) | **РЕДОВНА СОСТОЈБА**<br>(нема ризик) | ***ДРУГИ ОПАСНОСТИ***<br>(температурни максимуми и минимуми, суши, загадување на водата и почвата) |
| **ВТОР СТЕПЕН** | (сина) | **НИЗОК РИЗИК**<br>(редовна состојба со ретко манифестирани појави на загрозеност) | ***ПОЖАРИ***<br>***ЕКСТРЕМНИ ВРЕМЕНСКИ УСЛОВИ***<br>(невреме проследено со град) |
| **ТРЕТ СТЕПЕН** | (жолта) | **ПОКАЧЕН РИЗИК**<br>(можен почеток на криза или кризна состојба) | ***ПОПЛАВИ*** |
| **ЧЕТВРТ СТЕПЕН** | (портокалова) | **ВИСОК РИЗИК**<br>(веројатност за почеток на криза или кризна состојба) | |
| **ПЕТТИ СТЕПЕН** | (црвена) | **НАЈВИСОК РИЗИК**<br>(загрозеност на виталните вредности и создадени услови за прогласување на криза или кризна состојба) | |

***Табела - Степен на загрозеност на безбедноста на подрачјето на општина Конче[20]***

[20] Степенот на загрозеност на безбедноста на подрачјето на општина Конче е направен во согласност со член 6 од Уредбата за Методологијата за изработка на процената на загрозеноста на безбедноста на Република Македонија од сите ризици и опасности, нејзината содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и определувањето на субјектите во системот за управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од процената (Сл. Весник на РМ бр. 13/11).

| # | Вид на настан | Време на настан | Место/локација | Човечки загуби | Опис на настанот | Штета (износ во МКД) | Зафатена површина (ха) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Поплава** | 05.06.2004 | **Општина Конче** (с. Конче, с. Ракитец) | / | Поплавени земјоделски површини, оштетена куќа во с.Ракитец | 29,343,600 | 287 |
| 2 | **Пожар** | 14.03.2008 | **Општина Конче** (с. Горни Липовиќ) | / | Зафатен е нискостеблен дабов насад на возраст од 20 години | 10,000 | 10 |
| 3 | **Олујно невреме со град** | 27.06.2008 | **Општина Конче** (с. Дедино и с. Габревци) | | Зафатени земјоделски површини | 7,564,650 | 60 |
| 4 | **Поплава** | 04.12.2008 | **Општина Конче** (с. Конче, с. Ракитец, с. Габревци, с. Дедино, с. Лубница и с. Д.Липовиќ) | 1 лице | Поплавени површини, урнат мост во с. Габревци, оштетени станбени објети, оштетена локална инфраструктура | 48,050,351 | / |
| 5 | **Пожар** | 15.08.2011 | **Општина Конче** (с. Долна Враштица) | / | Опожарена е ниско стеблена деградирана дабова шума | 18,400 | 40 |
| 6 | **Пожар** | 23.03.2012 | **Општина Конче** (с. Ракитец) | / | Зафатен е нискостеблен дабов насад со примеси на јасен. | 10,000 | 4 |
| 7 | **Пожар** | 20.07.2012 | **Општина Конче** (с. Скоруша) | / | Опожарена е нискостеблена дабова шума | 22,800 | 7 |

***Табела - Преглед на случени настани на подрачјето на Општина Конче во периодот 2000 – 2018 година***

### *4.2 Профил на ризици и жешки точки на подрачјето на Општина Конче*

Врз основа на анализа на профилот на опасностите, случените настани, како и процените на загрозеноста на подрачјата на општината, идентификувани се следниве ризици и жешки точки, изложено население и временска рамка на настанување на опасностите:

| Опасност | Тип | Степен на загрозеност | | | Жешки точки | Веројатни последици | Изложено население | Временски период |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Поплави** | Поплави со излевање на реките и поплави со излевање на пороите | ***Втор степен*** | | **НИЗОК РИЗИК** (редовна состојба со ретко манифестирани состојби на загрозеност) | **ОПШТИНА КОНЧЕ** (долж течението на реката Крива Лакавица, во атарите на с.Д.Липовиќ Ракитец - Конче - с.Габревци; долж течението на Габрешка река поради конфигурацијата на земјиштето при поројни дождови има брз тек со голем ударен бран во долниот дел на течението околу мостот кој ја поврзува општина Конче со општина Штип; долж течението на Techdinska река во атарот на с.Дедино; долж течението на Пршевска река во атарот на с.Лубница; долж течението на Турска река (воден дол) во атарот на с.Конче) | ***Загуба на човечки животи*** ; ***Објекти*** (станбени, градежни и др.); ***Инфраструктура*** (патишта, улици, мостови, пропусти, одводни канали и др.); ***Земјоделско земјиште*** | **Поплави** **3,341** *Мажи - 1,776 (53%)* *Жени - 1,565 (47%)* | Зачестено поплавите се појавуваат во времето на пролетниот (март - јуни), есенскиот (септември - ноември) и зимскиот период (февруари) |
| **Пожари** | Пожари на отворен простор и на објекти | ***Втор степен*** | | **НИЗОК РИЗИК** (редовна состојба со ретко манифестирани состојби на загрозеност) | ***Пожари на отворено*** (на планината Смрдешник: атарите на с.Долна Враштица, с.Горни Липовиќ, с.Ракитец и с.Скоруша) ***Пожари на објекти*** (сите населени места) | ***Загуба на човечки животи*** ; ***Објекти*** (станбени, градежни и др.); ***Инфраструктура*** (енергетска, комуникациска, и др.); ***Шумско и земјоделско земјиште*** | **Шумски пожари** **692** *Мажи - 377 (54%)* *Жени - 316 (46%)* **Пожари на објекти** **3,536** *Мажи - 1,886 (53%)* *Жени - 1,650 (47%)* | Пожарите на отворено се појавуваат во времето на пролетниот (март - јуни) и летниот период (јули-септември). Пожарите на објекти се најчести за време на грејната сезона. |
| **Екстремни временски услови** | **Олујно невреме со град** | ***Трет степен*** | | **ПОКАЧЕН РИЗИК** (можен почеток на криза или кризна состојба) | Целото подрачје на Општина Конче, со најголем интензитет во атарите на селата Дедино и Габревци | ***Објекти*** (кровни конструкции на постари објекти и сл.); ***Земјоделско земјиште*** | ***Олујно невреме со град*** **3,536** *Мажи - 1,886 (53%)* *Жени - 1,650 (47%)* | Мај - септември |

### *4.3 Поплави*

Според карактеристиките на територијата и хидрографијата, подрачјето на општина Конче е изложена на поплави од излевање на реката Крива Лакавица која има големо сливно подрачје, како и од излевање на помалите реки со поголем пад како резултат на поројни дождови (Габрешка река, Пршњево, Радешка река, Скорушка река, Турска река) и со поголема штета на обработливото земјиште. Генерално, поплавите се резултат на обилните врнежи на дожд, наглото топење на снегот, излевањето на водите од коритата на реките и неисчистените речни корита, како и преливањето на водата од вештачките акумулации - браните. Според анализираните историски настани, фреквенцијата, интензитетот, како и предизвиканите штети, опасноста од поплави предизвикани со излевање на суводолиците е поголема, но поплавувањето од речните текови има се поголем интензитет во последно време. Според анализите на случените настани, профилот на опасноста и изложеноста на елементите на ризикот, поплавите ќе се случуваат со зачестен интензитет и во наредниот период. На подрачјето на општина Конче процена е дека нема способност и капацитети за превенција, рано предупредување и справувањето со поплавата и не се организирани обуки, вежби или некој друг вид на активности за јакнење на капацитетите. Досегашните поплави имаат предизвикано загуба во човечки животи. На ефектите од поплавите изложено е подрачјето на општината и ранливи се повеќе видови на елементи на ризикот кои се анализирани и детално претставени: *објекти* - станбени куќи, градежни објекти и др., *инфраструктура* - патишта, улици, мостови, пропусти, одводни канали и др., и *земјоделско земјиште*. Досегашните поплави немаат предизвикано значителни штети на клучната инфраструктура и функционирањето на субјектите на СУК.

### *4.4 Пожари*

На подрачјето на општина Конче карактеристични се пожарите на отворено (шумските пожари) и пожарите на објектите, со тоа што првите се најчести и со најголем интензитет. Причините за нивно настанување се различни со човечкиот фактор како најприсутен. Територијата на општината се наоѓа претежно на ридско-планински терен со 9,429 ха од вкупната земјишна површина со шума, и се смета дека сама по себе е изложена и ранлива на шумски пожари кои се директна опасност по населението и материјалните добра. Според анализите на случените настани, профилот на опасноста и изложеноста на елементите на ризикот, пожарите ќе се случуваат со зачестен интензитет и во наредниот период. Последиците од чумските пожари придонесуваат за поголема ранливост кон влијанијата на климатските промени, како што се (намалени количини и недостаток на вода за пиење и наводнување, ерозии на почвата, појава на заразни болести, исчезнување на одредени ендеми од флората и фауната и др.). На подрачјето на општина Конче процена е дека има способност и капацитети за превенција, рано предупредување и справувањето со пожарите, но не се организирани обуки и вежби за справување со пожари на населението. Пожарите досега предизвикале материјални штети, деградација на околината и други последици, но истите досега не предизвикале значителна штета на клучната инфраструктура или го нарушиле функционирањето на субјектите на СУК. Во случај на шумски пожар, на подрачјето на Општина Конче интервенираат силите ЈП „Национални шуми“, ПШС „Плачковица“ Радовиш – со седиште во Радовиш, ТППЕ – со седиште во Радовиш и Доброволното противпожарно друштво ,,Горици Оператива,, од с. Конче.

### *4.5 Екстремни временски појави*

Подрачјето на општина Конче со своите релјефни, хидрографски, климатски и други карактеристики е изложено на појавата невреме со град, при што атарите на селата Дедино и Габревци се најизложени. Екстремните временски услови – невреме последица на град во општината според направените анализи се појавува во текот на пролетно-летниот период и веројатно би се случувало и во наредниот период. На подрачјето на општина Конче процена е дека нема способност и капацитети за превенција, рано предупредување и справувањето со екстремните временски појави. Досегашните настани немаат предизвикано значителни штети на клучната инфраструктура и функционирањето на субјектите на системот.

### *4.6 Други опасности*

Како други опасности на подрачјето на општината се сметаат следниве:

- *Температурни максимуми и минимуми* – зголемени и високи среднодневни температури за време на летните месеци, како и намалени и ниски среднодневни температури во зимските месеци кои имаат влијание врз отпроноста на заедницата.
- *Суша* – се појавуваат зачестено во изминатиот период како почести пократкотрајни сушни периоди и поретки подолготрајни сушни пеироди над еден месец. Значително влијаат врз отпорноста на заедницата сериозно погодувајќи го земјоделството, како и снабдувањето со вода на населението.
- *Загадување на почвата и водата* – првото се појавувава како резултат на несоодветните практики на замејодделците со прекумерно користење на хербициди, инсектициди, пестициди и други хемиски средства врз земјоделските култури, а второто како резултат на отсуството на канализациона мрежа во сите населени места и користење на септички јами и несоодветните практики за одлагање на отпадот.

### *4.7 Проекции за идни можни климатски промени*

Врз основа на резултатите од моделирањето направено во рамките на ***Третиот национален план за клмиатски промени*** од 2014 год.[21] може да се заклучи следното:

- Веројатно е дека ќе има постојано зголемување на температурата во периодот помеѓу 2025 и 2100 година;
- Во споредба со периодот помеѓу 1961 и 1990, предвидените промени за периодот помеѓу 2025 и 2100 година ќе бидат најинтензивни во најтоплиот период од годината;
- Можно е просечните месечни температури при преодот помеѓу зима и пролет да се израмнат во овој период;
- За периодот помеѓу 2025 и 2100 година се предвидува пад во врнежите, во сите годишни времиња и на годишно ниво, а најголемо намалување ќе има во текот на летото;
- Интензитетот на промените е најголем во најтоплиот дел од годината (во јули и август, можеби и воопшто нема да има врнежи); и

[21] https://tinyurl.com/x5zw67ht Пристапено на 24.02.2021 година.

- Во студениот период од годината се предвидува намалување во врнежите од дури 40% од просечните месечни количества.

**_4.8 Ранливоста на населението во Општина Конче од климатските промени и намалување на ризици од катастрофи_**

Во рамките на *Третиот национален план за клмиатски промени од 2014 год.* беше реализирана анализа на социјалната ранливост на општините од југоисточниот плански регион од климатските промени и намалувањето на ризици од катастрофи. Последователно, Општина Конче има средно ниво на социјална ранливост со индекс на социјална ранливост од -0,004[22] и го завзема четвртото место од вкупно десетте општини во југоисточниот плански регион.

**_4.9 Матрица на хронични стресови и акутни шокови за подрачјето на Општина Конче_**

Оваа матрица е насочена кон разбирање на идните трендови на отпорноста на Општина Конче, преку поддршка на профилирањето на опасностите и ризиците, разбирањето на изложеноста и ранливоста и на основните фактори на ризикот. Хроничните стресови и акутните шокови наведени во табелата подолу влијаат врз реализацијата на основните функции на општината, како и врз отпорноста на заедницата и граѓаните. Затоа е неопходно да се идентификуваат и последователно преку предвидените мерки и активности да се реагира на нивно намалување.

| ХРОНИЧНИ СТРЕСОВИ | АКУТНИ ШОКОВИ |
|---|---|
| • Промена на демографијата<br>• Недостаток на финансиски средства<br>• Стара и дотраена инфраструктура<br>• Квалитет на обезбедување на општински услуги<br>• Недоволна вклученост на НРК во стратешките, програмски и плански документи<br>• Недостаток на интегрирано планирање<br>• Висока стапка на невработеност<br>• Зголемена социјална нееднаквост<br>• Стапка на миграција<br>• Лоши градежни практики<br>• Лоши практики во областа на животната средина<br>• Климатски промени<br>• Загадување на почвата и водата<br>• Асоцијални и криминогени појави<br>• Корупција<br>• Појава на мигранти/бегалци | • Пожари<br>• Поплави<br>• Невреме проследено со град<br>• Земјотрес<br>• Силни ветрови<br>• Екстремни температури<br>• Топлотни бранови<br>• Студени бранови<br>• Суша<br>• Епидемии на заразни болести<br>• КОВИД-19 пандемија<br>• Дефекти на комуникациската и енергетската инфраструктура<br>• Прекин на патната инфраструктура<br>• Несреќи во сообраќајот<br>• Техничко-технолошки несреќи<br>• Насилство<br>• Екстремистички акти |

[22] http://www.unfccc.org.mk/content/Documents/ADAPTATION/Disaster%20risk_final_MK%20so%20CIP.pdf стр. 18.

## 5. СВОТ АНАЛИЗА

| | СИЛНИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|---|
| **Внатрешни фактори** | • Поволна географска положба (помалку изложеност отколку останатите делови на државата)<br>• Добра координација на локално и регионално ниво<br>• Меѓуопштинска соработка за намалување на ризици од катастрофи<br>• Искусен и посветен персонал<br>• Постоење на добри практики<br>• Позитивно досие на реализирани одговори на катастрофи и кризи<br>• Регионална, национална и меѓународна соработка во оваа област<br>• Постоење на доброволно противпожарно друштво<br>• Подготвени основните процени, програмски и плански документи<br>• Здобиено искуство за време на одговорот на пандемијата на КОВИД-19<br>• Подготвеност за ко-финансирање на мерки и активности за намалување на ризиците од катастрофи | • Недостаток на визија за намалувањето на ризиците од катастрофи<br>• Недоволна вклученост на намалувањето на ризиците од катастрофи во локланите стратешки и плански документи<br>• Недоволно буџетско финансирање на реализацијата на мерки и активности за превенција, ублажување, подготвеност, одговор и опоравок од катастрофи<br>• Недоволно финансирање во одржливоста на критичната инфраструктура<br>• Недоволна вклученсот на родовите аспекти во намалувањето на ризиците од катастрофи на локално ниво<br>• Недоволно одржување на постоечката инфраструктура за превенција и ублажување на катастрофи<br>• Недоволно јакнење на свеста за намалувањето на ризикот од катастрофи<br>• Недоволна едукација и обука на населението за заштита и самозаштита при катастрофи<br>• Недостаток на човечки и материјално-технички ресурси |
| | **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
| **Надворешни фактори** | • Посветеноста на Владата за реформи во секторот и за креирање на политики и програми за поддршка на намалувањето на ризиците од катастрофи<br>• Општините е потребно да бидат субјекти кои први ќе обезбедат превенција и први ќе одговорат на кризите и катастрофите<br>• Донесување на новата Програма за одржлив локален развој и децентрализација 2021 – 2026 година<br>• Намалувањето на ризици од катастрофи преку стратешкото планирање се искачува повисоко на агендата на општината во наредниот период<br>• Реализирање на активности за сензибилизација на клучните заинтересирани страни на локално ниво за намалувањето на ризикот од катастрофи<br>• Реализирање на мерки и активности преку регионалните или прекуграничните програми<br>• Воспоставување на партнерство и соработка со приватниот сектор за креирање на локални политики и реализирање на активности за намалување на ризици од катастрофи<br>• Невладиниот сектор и граѓанските организации се едни од клучните субјекти за отпорност на заендицата на катастрофи | • Продолжување на пандемијата на КОВИД-19 и настанување на идни епидемии/пандемии<br>• Изменетите практитки на реализирање на активностите како резултат на пандемијата<br>• Влијание на климатските промени<br>• Несоодветни практики<br>• Недостаток на финансиски средства за реализација на мерки и активности за намалување на ризици од катастрофи<br>• Примарниот фокус е на подготвеноста и одговорот на катастрофи отколку на нивната превенција/ублажување<br>• Недостаток на планови за итни состојби и за продолжено функционирање на општината во случај на катастрофа<br>• Несоодветно урбанистичко планирање<br>• Градежни активности во зоните изложени на опасности<br>• Одлив на стручен кадар од општината и субјектите на системот<br>• Корупција |

## 6. АНАЛИЗА НА ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ

Целта на анализата на засегнатите страни е да се обезбеди увид во важноста и влијанието, интересите и потенцијалните улоги на различните групи на засегнати страни во областа на намалувањето на ризици од катастрофи. Последователно, анализата на засегнатите страни се стреми да ги идентификува односите помеѓу заинтересираните страни и како да се инволвираат во процесот на намалување на ризиците од катастрофи, бидејќи истиот е мулти-секторски, продирајќи во надлежностите на повеќе сектори и организации. Впрочем, и прегледот на надлежностите на Општина Конче во областите на управување со кризи, заштита и спасување, противпожарна заштита и здравствена заштита ја илустрира комплексноста на постојната рамка и потребата за навремена, ефикасна и ефективна координација. Следствено на тоа, со цел да се елаборира интересот и влијанието на заинтересираните страни, истите се групирани во внатрешни, надворешни и други интересни групи.

- ***Внатрешни засегнати страни*** – ЕЛС, ЈП, подрачни единици на министерства, управни органи и организации, државни органи или со еден збор сите органи кои во текот на реализацијата на надлежноста и работните активности соработуваат или зависат од работата на ЕЛС.

- ***Надворешни засегнати страни*** – граѓани, одредени целни групи, невладини организации, општински организации на Црвен Крст, образовни институции, експерти и други институции кои директно или индиректно се засегнати или трпат одредено влијание од работата на ЕЛС, односно од неговите програми и иактивности во областа на намалувањето на ризици од катастрофи.

Оваа анализа има за цел да ги утврди постапките на комуникација со внатрешните и надворешните засегнати страни, да се утврдат проблемите и потребите за да можат тие прашања да се обработат и да се пронајде решение преку соодветни мерки.

**7. ВИЗИЈА, МИСИЈА И ЦЕЛ НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН ЗА НАМЛУВАЊЕ НА РИЗИЦИ ОД КАТАСТРОФИ НА ОПШТИНА КОНЧЕ**

| | |
|---|---|
| **ВИЗИЈА** | ***Општина Конче, модерна рурална општина која обезбедува одржлив развој и благосостојба на своите граѓани и е подготвена да управува со предизвиците на отпорноста кон катастрофи.*** |
| **МИСИЈА** | ***Развој на стратешки плански документ за подрачјето на Општина Конче кој го унапредува намалувањето на ризиците од катастрофи обезбедувајќи отпорен и одржлив развој.*** |
| **ГЛАВНА ЦЕЛ** | ***До 2024 година, Општина Конче е отпорна на хроничните стресови и акутни покови со соодветни, локално управувани и одржливи капацитетит за превенција и ублаѓување на ризиците, пдоготвеност и одговор на катастрофите и отпорен оправок на заедницата.*** |
| **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ** | ***Стратешки приоритет 1: Информираност за опасностите и ризиците – реализација на локални политики, мерки и активности за отпорност кон катастрофи***<br>***Стратешки приоритет 2: Подготвено Конче – Засилена подготвеност за навремен, ефикасен и ефективен одговор на катастрофи и отпорен оправок на Конче*** |
| **ЦЕЛ** | ***Стратешкиот план занамалување на ризици од катастрофи на Општина Конче има за цел да придонесе за зајакнување на отпорноста на општината кон катастрофи преку подобрување на локалното управување со намалувањето на ризици од катастрофи преку реализација на дефинирани мерки и активности, со целосна вклученост и поддршка од локалните субјекти и заедницата.*** |
| **ОБЕМ** | ***Стретешкиот план за намалување на ризици од катастрофи се фокусира на прироридните катастрофи кои ја загрозуваат Општина Конче и содржи сет на приоритетни мерки и активности за подобрена превенција, подготвеност, одговор и опоравок, вклучувајќи ја локалната заедница, како и вклучувајќи го намалувањето на ризиците од катастрофи во општинските надлежности и обврски.*** |
| **ОБРАЗЛОЖЕНИЕ** | ***Основите на Стратешкиот план за намалување на ризици од катастрофи се наоѓаат во постоечката законодавна и институционална рамка за управување со намалување на ризици од катастрофи, локалната самоуправа, приоритетите на националните, регионалните и локалните стратешки, програмски и плански документи, како и на глобалната механизми за намалување на ризици од катастрофи и одржлив развој, а на кои Република Северна Македонија е потписничка.*** |

| | |
|---|---|
| **ВОДЕЧКИ НАЧЕЛА** | ***• Стратешкиот план за намалување на ризици од катастрофи се реализира во сите фази на циклусот на намалкувањето на ризици од катастрофи;***<br>***• Целите на стратешкиот план се поврзани со глобалните, националните, регионалните и локалните стратешки документи и планови;***<br>***• Општина Конче и субјектите на системот за намалување на ризици од катастрофи се примарните движечки сили за зајакнување на отпорноста на заедницата, но планот повикува за вклученост на целото општество т.е. на приватниот сектор, академијата, НВО, граѓаните.***<br>***• Процесот на идентификација, реализација и следење на активностите е инклузивен;***<br>***• Пристапот кон реализацијата на стратешките цели и мулти-хазард, мулит-риск и мулти-ссекторски;***<br>***• Стратешкиот план за намалување на ризиците од катастрофи на Општина Конче е ориентиран кон остварување на предвидените резултати со цел за зајакнување на отпорноста на заедницата;***<br>***• Мерките и активностите кои се реализираат имаат за цел да го спречат или ублажат постоечките, како и настанувањето на нови ризици.*** |

## 8. СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ

### *8.1. Кус осврт*

Стратешкиот план за намалување на ризици од катастрофи на Општина Конче е сеопфатен и инклузивен план за зајакнување на отпорноста кон кризи и катастрофи преку исполнување на неговата главна цел*: До 2024 година, Општина Конче е отпорна на хроничните стресови и акутни покови со соодветни, локално управувани и одржливи капацитетит за превенција и ублаѓување на ризиците, пдоготвеност и одговор на катастрофите и отпорен опоравок на заедницата*. Последователно, структурата на стратешкиот план се заснова на три стратешки приоритети и XX цели кои ги опфаќаат различните аспекти на намалувањето на ризици од катастрофи кои се присутни на подрачјето на општината. Секоја цел има одреден број на мерки и активности кои се предвидени за реализација до 2024 година. Стратешкиот план има две фази на реализација:

- *Краткорочна фаза (2021/2022)* која вклучува активности кои се реализраат за време на првата година од реализацијата на планот и имаат за цел да воспостават основи за градење на отпорноста на општината. Тие се однесуваат на одговор на постојните ризици, јакнење на локалните капацитети за НРК, реализација на активности за превенција и ублажување, како и подобра подготвеност на ресурсите и граѓаните.
- *Среднорочна фаза (2022/2024)* која вклучува активности кои ќе се реализираат во останатиот период од важењето на планот и имаат за цел да придонесат за надградување на рамката за отпорност на локалната заедница. Тие се однесуваат на понатамошна институционализација на мерките и активностите за зајакување на отпорноста, како и поблиско вклучување на НРК во општинскиот развој и планирање.

Стратешките приоритет се идентификувани области чии зададени цели ќе се постгнат преку реализирање на предвидените мерки и активности и сеопфатно ќе придонесат за зајакнување на отпорноста на општина Конче. Стратешките приоритети се реални, остварливи и придонесуваат за остварување на главната визија на овој план: *Општина Конче, модерна рурална општина која обезбедува одржлив развој и благосостојба на своите граѓани и е подготвена да управува со предизвиците на отпорноста кон катастрофи.* Тие се идентификувани низ консултативен и инклузивен процес заедно со претставници на заинтересираните страни. Впрочем и нивната реализација ќе биде и понатаму инклузивна во партнерство со субјектите на локално ниво, но и според потребите и способностите на сите граѓани, водејќи сметка ни еден граѓанин да не биде оставен. Приоритети се засноваат на мерки и активности кои се реални и прагматични и можат да се реализираат врз основа на расположливите средства и ресурси на општината и во партнерство со други општини, субјекти, државните институции, прекуграничната и меѓународната соработка. Секоја приоритет има еднаква важност за општината и нивниот редослед не значи дека со тоа е направена и нивна приоритизација.

Покрај тоа, во рамките на мерките и индивидуалните активности, се утврдуваат и носителите и генералните партнерски институции. За секоја активност, дадена е индикатор на успешност/очекуван резултат, временска рамка за спроведување, како и проценка на трошоците

за нејзино спроведување и потенцијалниот извор на финансирање. Списокот на приоритети и цели, вклучително и акцискиот план, се претставени подолу.

| Стратешки приоритети | Стратешки цели |
|---|---|
| **Стратешки приоритет 1: Информираност за опасностите и ризиците – реализација на отпорни локални политики, мерки и активности за отпорност кон катастрофи** | Подобрено знаење за намалувањето на ризиците од катастрофи |
| | Интегрирана мулти-хазард, мулти-ризик и мулти-секторска процена за подрачјето на општината |
| | Вклучување на намалувањето на ризици од катастрофи во стратешкото и развојното планирање на локално ниво |
| | Реализација на структурни и не-структурни работи за превенција и ублажување на катастрофи |
| | Граѓаните на Општина Конче се навремено информирани за ризиците и опасностите и се вклучени во локалната рамка за отпорност |
| **Стратешки приоритет 2: Подготвено Конче – Засилена подготвеност за навремен, ефикасен и ефективен одговор на катастрофи и отпорен опоравок на Конче** | Општина Конче и нејзините граѓани се подготвени за одговор |
| | Навремен, ефикасен и ефективен одговор на катастрофи |
| | Осигурување на отпорен опоравок на Општина Конче и нејзините граѓани |

**Табела – Прегелед на стратешки приоритети и цели за Стратешкиот план за намалување на ризици од катастрофи на Општина Конче**

## 8.2 МАТРИЦА НА АКЦИСКИОТ ПЛАН НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА РИЗИЦИ ОД КАТАСТРОФИ НА ОПШТИНА КОНЧЕ ЗА ПЕРИОДОТ 2021 – 2024

| **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1: Информираност за опасностите и ризиците – реализација на локални политики, мерки и активности за отпорност на катастрофи** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1.1: Подобрено знаење на локалните субјекти за намалување на ризици од катастрофи** | | | | | | |
| **МЕРКА 1.1.1: Континуирана едукација на општинската администрација и субјектите на локално ниво за подобрено знаење за проценка на ризици и опасности** | | | | | | |
| **#** | **АКТИВНОСТ** | **ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ** | **НОСИТЕЛ НА АКТИВНОСТИ** | **ВРЕМЕНСКИ РОК** | **ИЗНОС МКД** | **ИЗВОР НА ФИНАНСИРАЊЕ** |
| **1.** | **Подготовка и спроведување на обуки за зголемување на капацитетите на општинската администрација за проценувањето на ризиците и опасностите, како и подобрување на знаењето за климатските и здравствените ризици.** | Редовно реализирање на обука на капацитетите на општинската администрација за проценка на ризици и опасности, вклучувајќи ги и климатските и здравствените ризици | ЕЛС Конче в соработка со РЦУК Радовиш, ПО ДЗС Радовиш, субјекти на локално ниво | 2022, 2024 | 10,000 | Буџет на ЕЛС |
| **2.** | **Континуирано зајакнување на капацитетите на членовите на општинскиот совет и општинската администрација, локалните установи и ЈП за управување со кризи и заштита и спасување на граѓани и добра** | Достапен е модул на обука за управување со кризи на веб платформата за учење https://opstinski.mk и реализирани се онлајн обуки на релевантните лица од субјектите на локално ниво | ЕЛС Конче во соработка со РЦУК Радовиш, ПО ДЗС Радовиш, субјекти на локално ниво | 2021 – 2024 континуирано | 5,000 | Буџет на ЕЛС |
| **3.** | **Континуирана обука на надлежниот персонал на општината за користење на системот на електронска процена** | Надлежниот персонал на општинската администрација е обучен за користење на системот за електронска процена | ЕЛС Конче во соработка со РЦУК Радовиш, ЦУК | 2021 – 2024 континуирано | | Буџет на ЕЛС |
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1.2: Интегрирана мулти-хазард, мулти-ризик и мулти-секторска процена за подрачјето на општина Конче** | | | | | | |
| **МЕРКА 1.1.2: Редовно донесување и ажурирање на процените на загрозеност и основните плански документи за намалување на ризици од катастрофи на подрачјето на Општина Конче** | | | | | | |
| **#** | **АКТИВНОСТ** | **ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ** | **НОСИТЕЛ НА АКТИВНОСТИ** | **ВРЕМЕНСКИ РОК** | **ИЗНОС МКД** | **ИЗВОР НА ФИНАНСИРАЊЕ** |
| **4.** | **Редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на Општина Конче од сите видови на ризици и опасности вклучувајќи ги и климатските промени и пандемискиот ризик и биохазардите** | Ажурирана Процена на загрозеност на подрачјето на Општина Конче еднаш годишно или после секој катастрофален настан | ЕЛС Конче во соработка со РЦУК Радовиш, ЦУК | 2021 – 2024 годишно | 10,000 | Буџет на ЕЛС, Буџет на ЦУК |
| **5.** | **Дигитализација на проценката на ризици и опасности на подрачјето на Општина Конче со пристап на Е-Процена со цел за унифициран пристап во анализата и евалуацијата на ризиците, како и подобрено донесување на** | Надградена Е-Процена платформа и овозможен пристап на ЕЛС Конче | ЕЛС Конче во соработка со РЦУК Радовиш, ЦУК | 2022 - 2023 | 10,000 | Буџет на ЕЛС, Буџет на ЦУК |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **одлуки, координација и комуникација на локално ниво** | | | | | |
| 6. | **Редовно ажурирање на Процената на загрозеност на Општина Конче од природни опасности и други несреќи** | Ажурирана Процена на загрозеност на Општина Конче од природни опасности и други несреќи | ЕЛС Конче во соработка со ПО ДЗС Радовиш, ДЗС | 2021 – 2024 Редовно | 20,000 | Буџет на ЕЛС, Буџет на ДЗС |
| 7. | **Донесување на Оперативен план за заштита и одбрана од поплави за Општина Конче** | Донесен Оперативен план за заштита и одбрана од поплави за Општина Конче | ЕЛС Конче во соработка со РЦУК, ПО ДЗС, МЖСПП, МЗШВ, консултанти | 2022 | 60,000 | Буџет на ЕЛС, донатори |
| 8. | **Донесување на План за заштита од пожари на подрачјето на Општина Конче** | Донесен План за заштита од пожари на подрачјето на Општина Конче | ЕЛС Конче во соработка со ПО ДЗС, ТППЕ, РЦУК Радовиш | 2022 | 40,000 | Буџет на ЕЛС |
| 9. | **Донесување на Оперативен план за заштита од снежни наноси** | Донесен Оперативен план за заштита од природни непогоди во зимски услови | ЕЛС Конче во соработка со ПО ДЗС Радовиш | 2022 - 2024 | | Буџет на ЕЛС |
| 10. | **Донесување на Програма за активностите на Општина Конче во областа на противпожарната заштита** | Годишно донесување на Програма за активности на Општина Конче во областа на противпожарната заштита | ЕЛС Конче во соработка со ПО ДЗС, ТППЕ Радовиш, МВР СВР Радовиш, РЦУК Радовиш | 2021, 2022, 2023, 2024 | 5,000 | Буџет на ЕЛС |
| 11. | **Донесување/ажурирање на Оперативен план за справување со појава на заразна болест (КОВИД-19) кај луѓето на територија на Општина Конче** | Донесен или ажуриран Оперативен план за справување со појава на заразна болест КОВИД-19 кај луѓето | ЕЛС Конче во соработка со РЦУК Радовиш, ПО ДЗС Радовиш, ЦЈЗ Радовиш, други субјекти на локално и регионално ниво | 2021 | 5,000 | Буџет на ЕЛС |
| 12. | **Донесување Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Конче** | Програмата за спроведување на општи мерки на заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Конче е донесена на годишно ниво | ЕЛС Конче во соработка со ЦЈЗ Радовиш, ПО ДЗС Радовиш, РЦУК Радовиш, ДЗСИ | 2021, 2022, 2023, 2024 | 5,000 | Буџет на ЕЛС |
| 13. | **Изработка на мапи на опасности и ризици на Општина Конче и публикување на konce.gov.mk** | Изработени се мапи на опасности и ризици за подрачјето на Општина Конче и се јавно достапни | ЕЛС Конче во соработка со РЦУК Радовиш, ЦУК, ПО ДЗС Радовиш, ДЗС, приватен сектор | 2022 | 40,000 | Буџет на ЕЛС, донатори |
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1.3: Вклучување на намалувањето на ризици од катастрофи во стратешкото и развојното планирање на локално ниво** | | | | | | |
| **МЕРКА 1.1.3: Вклучување на намалувањето на ризици и катастрофи во клучните сектори на локално ниво** | | | | | | |
| **#** | **АКТИВНОСТ** | **ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ** | **НОСИТЕЛ НА АКТИВНОСТИ** | **ВРЕМЕНСКИ РОК** | **ИЗНОС МКД** | **ИЗВОР НА ФИНАНСИРАЊЕ** |
| 14. | **Преглед на клучните стратешки, програмски и развојни документи и клучни сектори за вклучување на НРК и климатските ризици со идентификување на влезните точки** | Подготвен е првичен преглед на клучните стратешки, програмски и развојни документи и клучни сектори | ЕЛС Конче, РЦУК Радовиш, ПО ДЗС Радовиш, ЦЈЗ Радовиш, МТВ, МЖСПП, МЗШВ | 2021 | | Буџет на ЕЛС, донатори |
| 15. | **Имплементирање на вертикалните и хоризонталните обрасци за стратешко планирање на локално ниво** | Подготвените вертикални и хоризонтални обрасци за стратешко планирање се применуваат | ЕЛС Конче во соработка со ИДСЦС | 2021 | | Буџет на донатор |
| 16. | **Јакнење на знаењето и капацитетите на општинската администрација за вклучувањето** | Реализација на обуки и едукација на општинската администрација за | ЕЛС Конче во соработка со ЦУК, ДЗС, МЖСПП, МЗШВ, МТВ, донатори | 2022, 2023 | | Буџет на донатори |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **на НРК и климатските ризици во стратешките и развојни програми и сектори** | вклучувањето на НРК и климатските ризици во стратешките и развојните програми и сектори | | | | |
| **17.** | **Воведување на практиките на намалување на ризиците од катастрофи и климатски ризици во стратешките, програмските и развојните документи и клучните сектори** | Донесување на стратешки, програмски и развојни документи од клучните сектори во кои се интегрирани практиките на НРК и климатските ризици | ЕЛС Конче во соработка со ЦУК, ДЗС, МЖСПП, МЗШВ, донатори | 2023, 2024 | | Буџет на ЕЛС, донатори |
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1.4.: Реализација на структурни и не-структурни работи за превенција и ублажување на катастрофи** | | | | | | |
| **МЕРКА 1.4.2: Реализација на структурни работи за превенција и ублажување на катастрофи** | | | | | | |
| **#** | **АКТИВНОСТ** | **ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ** | **НОСИТЕЛ НА АКТИВНОСТИ** | **ВРЕМЕНСКИ РОК** | **ИЗНОС МКД** | **ИЗВОР НА ФИНАНСИРАЊЕ** |
| **18.** | **Изградба на просеки за заштита од шумски пожари** | Изградени се просеки за заштита од ширењето на шумските пожари | ЕЛС во соработка со НШ ШС Плачковица, ЈП | 2022, 2023, 2024 | | Буџет на НШ ШС Плачковица, донатори |
| **19.** | **Правење на зафати на водотеците во шумските предели за обезбедување на вода за гасење** | Вода за гасење на шумски пожари е обезбедена преку зафати на водотеците | ЕЛС во соработка со НШ ШС Плачковица, ЈП | 2022, 2023, 2024 | | Буџет на НШ ШС Плачковица, донатори |
| **20.** | **Проширување и чистење на речните корита и насипување на бреговите на критичните места за намалување на опасноста од поплави** | Речните корита се проширени и исчистени и бреговите на критичните места се насипани со материјал | ЕЛС Конче во соработка со ЈП, ПО ДЗС Радовиш, МЗШВ, МЖСПП | 2021 – 2024 континуирано | | Буџет на ЕЛС, буџет на РСМ, донатори |
| **21.** | **Уредување на речни корита и брегови на жешките точки за намалување на опасноста од поплави** | Уредени се речните корита и брегови на жешките точки | ЕЛС Конче во соработка со ЈП, ПО ДЗС Радовиш, МЗШВ, МЖСПП | 2021 – 2024 континуирано | | Буџет на ЕЛС, буџет на РСМ, донатори |
| **22.** | **Чистење и уредување на поројните канали** | Поројните канали на критичните места се исчистени и уредени | ЕЛС Конче во соработка со ЈП, ПО ДЗС Радовиш, МЗШВ, МЖСПП | 2021 – 2024 континуирано | | Буџет на ЕЛС, буџет на РСМ, донатори |
| **23.** | **Инсталирање и редовно одржување на панична инсталација (светилки, сирени и сл.) и инфраструктура за итни состојби (евакуациони знаци, табли, патокази и сл.)** | Панична инсталација и инфраструктура за итни состојби е инсталирана и редовно одржувана во сите објекти во општинска сопственост на подрачјето на Општина Конче | ЕЛС Конче во соработка со РЦУК Радовиш, ПО ДЗС Радовиш, ОО ЦК Радовиш, МОН, МТСП, донатори | 2021 – 2024 континуирано | | Буџет на ЕЛС, буџет на РСМ, донатори |
| **24.** | **Обезбедување и инсталација на панична инсталација и детектори за чад и јаглерод моноксид за домовите на лицата од ранливите категории на граѓани** | Најмалку 100 домаќинства на лица од ранливите категории на граѓани имаат панична инсталација и вградени детектори за чад и јаглерод моноксид | ЕЛС Конче во соработка со РЦУК Радовиш, ПО ДЗС Радовиш, ТППЕ Радовиш, ОО ЦК Радовиш, МОН, МТСП, донатори | 2021 – 2024 континуирано | | Буџет на ЕЛС, буџет на РСМ, донатори |
| **МЕРКА 1.4.2: Реализација на не-структурни работи за превенција и ублажување на катастрофи** | | | | | | |
| **#** | **АКТИВНОСТ** | **ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ** | **НОСИТЕЛ НА АКТИВНОСТИ** | **ВРЕМЕНСКИ РОК** | **ИЗНОС МКД** | **ИЗВОР НА ФИНАНСИРАЊЕ** |
| **25.** | **Обележување на поплавниот бран во загрозените подрачја низводно од високите брани** | Поплавниот бран низводно од високите брани е обележан во загрозените | ЕЛС Конче во соработка со ДЗС, ЈП Радовишко поле, МЖСПП, МЗШВ | 2022, 2023 | | Буџет ЕЛС, оператори на брани, |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | подрачја | | | | донатори |
| **26.** | **Поставување на информативни табли за забрана на палење на стрништа** | 20 информативни табли за забрана на палење на стрништа се поставени на жешките точки на подрачјето на општината | ЕЛС Конче во соработка со ЈП, РЦУК, ПО ДЗС, ТППЕ Радовиш | 2021, 2022 | | Буџет на ЕЛС, донатори |
| **27.** | **Поставување на информативни табли за опасност од шумски пожари/забрана за палење на оган на отворено на жешките точки** | 30 информативни табли за опасност од шумски пожари/забрана за палење на оган на жешките точки се поставени | ЕЛС Конче во соработка со ЈП, РЦУК, ПО ДЗС, ТППЕ Радовиш, НШ ШС Плачковица | 2021, 2022, 2023 | | Буџет на ЕЛС, донатори |
| **28.** | **Отстранување на висока трева и вегетација покрај локални сообраќајници** | Намалена опасност од пожари на отворено со редовно отстранување на трева и вегетација покрај локалните сообраќајници | ЕЛС Конче во соработка со ЈП | 2021, 2022, 2023, 2024 | | Буџет на ЕЛС, ЈП |
| **29.** | **Формирање на оџачарска служба во ЈП и редовна контрола на деловните и приватни објекти** | Формирана оџачарска служба во склоп на ЈП која редовно ќе врши контрола на исправноста на оџаците во деловните и приватните објекти | ЕЛС Конче во соработка со ЈП, ТППЕ Радовиш | 2021, 2022, 2023, 2024 | | Буџет на ЕЛС, ЈП |
| **30.** | **Пошумување на голини и јавни простори за заштита од ерозија, силни ветрови и сл.** | Реализирање на редовни активности за пошумување на голините и јавните простори | ЕЛС Конче во соработка со ЈП, НШ ШС Плачковица | 2021, 2022, 2023, 2024 | | Буџет на ЕЛС, ЈП, НШ ШС Плачковица, донатори |
| **31.** | **Изградба на заштитни покриви-мрежи од град** | Посевите се заштитени од град преку изградба на мрежи | ЕЛС Конче во соработка со МЗШВ, АПРЗ, МЖСПП, ЦУК, приватен сектор, академија | 2022, 2023, 2024 континуирано | | Буџет на донатори |
| **32.** | **Организирање на едукативни работилници за едукација на населението за осигурување на земјоделските површини** | Земјоделците се едуцирани за осигурување на земјоделските површини | ЕЛС Конче во соработка со МЗШВ, АПРЗ, МЖСПП, ЦУК, приватен сектор, академија | 2022, 2023, 2024 континуирано | | Буџет на донатори |
| **33.** | **Изработка на планска и проектна документација за уредување и проширување на речни корита, уредување на порои** | Планската и проектната документација е изработена според приоритетната листа на инвестиции | ЕЛС Конче во соработка со МЗШВ, МЖСПП, ЈП | 2021, 2022, 2023, 2024 континуирано | | Буџет на ЕЛС, буџет на РСМ, донатори |
| **34.** | **Редовна проценка на степенот на заштита од пожари и други опасности на домаќинствата на лицата од ранливите категории на граѓани** | Проценка на степенот на заштита од пожари на нномалку 100 домаќинства на лица од ранливите категории на граѓани | ЕЛС Конче во соработка со ЈП, ТППЕ Радовиш, ПО ДЗС Радовиш | 2021, 2022, 2023, 2024 континуирано | | Буџет на ЕЛС, буџет на РСМ, донатори |
| **35.** | **Дезинфекција на јавните површини и установи** | Реализирана дезинфекција на јавните површини и установи според потребите на одоговорот на КОВИД-19 | ЕЛС Конче во соработка со ЈП | 2021, 2022 | | Буџет на ЕЛС |
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1.5: Граѓаните на Општина Конче се навремено информирани за ризиците и опасностите и се вклучени во локалната рамка за отпорност** | | | | | | |
| **МЕРКА 1.5.1: Навремено информирање и активно вклучување на ранливите категории на граѓани во локалната рамка на отпорност** | | | | | | |
| **#** | **АКТИВНОСТ** | **ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ** | **НОСИТЕЛ НА АКТИВНОСТИ** | **ВРЕМЕНСКИ РОК** | **ИЗНОС МКД** | **ИЗВОР НА ФИНАНСИРАЊЕ** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **36.** | **Мапирање на најранливите категории од населението, жени, мажи и деца кои би биле најмногу погодени од природните катастрофи, климатските промени и здравствените кризи со цел за планирање на ефикасна поддршка и помош во случај на катастрофи** | Изработена мапа на најранливите категории на граѓани на подрачјето на општината | ЕЛС во соработка со РЦУК Радовиш, ПО ДЗС, ЈП, општински установи, МТСП, ОО ЦК, донатори | 2022 | | Буџет на ЕЛС, донатори |
| **37.** | **Вклучување на ранливите категории на граѓани во процесот на проценување на ризици и опасности и подготовка на планска документација** | Проценките на загрозеност од ризици и опасности и планските документи за НРК се изработени и/или ажурирани во инклузивна постапка со вклучување на ранливите групи на граѓани | ЕЛС во соработка со РЦУК Радовиш, ПО ДЗС, ЈП, општински установи, МТСП, ОО ЦК, донатори | 2022 – 2024 континуирано | | Буџет на ЕЛС, донатори |
| **38.** | **Имплементирање на таргетирани активности за јакнење на свеста и знаењето за НРК на ранливите категории на граѓани** | Реализација на јавни кампањи, продукција на печатен, аудио и видео материјал | ЕЛС Конче во соработка со РЦУК Радовиш, ПО ДЗС Радовиш, ОО ЦК, МТСП, донатори | 2022 – 2024 континуирано | | Буџет на ЕЛС, донатори |
| **39.** | **Изработка на домашни планови за заштита и спасување на лицата со попреченост** | Најмалку 100 планови за заштита и спасување на домаќинствата на лицата со попреченост се изработени | ЕЛС Конче во соработка со РЦУК Радовиш, ПО ДЗС Радовиш, ОО ЦК, МТСП, донатори | 2022 – 2024 континуирано | | Буџет на ЕЛС, донатори |
| **40.** | **Обуки за заштита и самозаштита на лица со попреченост** | Најмалку 100 лица со попреченост учествувале во обуките за заштита и самозаштита | ЕЛС Конче во соработка со РЦУК Радовиш, ПО ДЗС Радовиш, ОО ЦК, МТСП, донатори | 2022 – 2024 континуирано | | Буџет на ЕЛС, донатори |
| **МЕРКА 1.5.2: Континуирано информирање и едукација на населението од Општина Конче** | | | | | | |
| **#** | **АКТИВНОСТ** | **ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ** | **НОСИТЕЛ НА АКТИВНОСТИ** | **ВРЕМЕНСКИ РОК** | **ИЗНОС МКД** | **ИЗВОР НА ФИНАНСИРАЊЕ** |
| **41.** | **Организирање на отворени денови на општинската администрација и ЈП како и на советите на општините за средби со граѓани и граѓански иницијативи од областа на НРК** | Најмалку еднаш годишно се реализирани отворени денови | ЕЛС Конче и ЈП во соработка со НВО, РЦУК Радовиш, ПО ДЗС Радовиш, ТППЕ Радовиш, ОО ЦК Радовиш | 2021 – 2024 континуирано | 8,000 | Буџет на ЕЛС |
| **42.** | **Подготовка на Програма за едукација на одредени целни групи и за одредени области и приоритетни теми** | Донесена е Програма за едукација | ЕЛС Конче во соработка со РЦУК Радовиш, ПО ДЗС Радовиш, ТППЕ Радовиш, ОО ЦК Радовиш | 2022, 2024 | | Буџет на ЕЛС, донатори |
| **43.** | **Подготовка и спроведување кампањи во ЕЛС низ директна соработка со здруженијата на граѓани за подигање на јавната свест за НРК, последиците од климатските промени и потребата од планирање и спроведување на мерки за прилагодување на** | Реализирани се јавни кампањи за подигање на јавната свест за НРК и климатските промени преку содржина на веб страната на општината, реализација емисии на локалните медиуми, поставување на | ЕЛС Конче во соработка со РЦУК Радовиш, ПО ДЗС Радовиш, ТППЕ Радовиш, ОО ЦК Радовиш | 2022, 2023, 2024 | | Буџет на ЕЛС, донатори |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **климатските промени** | илустрирани постери за постапките на пружање прва помош и заштита и самозаштита како потсетник и сл. | | | | |
| **44.** | **Формирање тимови за врсничка едукација на теми од НРК и реализација на активности за подигнување на јавната свест за НРК на младите** | Формирани се три тимови со по три членови за врсничка едукација | ЕЛС Конче во соработка со ОО ЦК Радовиш | 2022, 2023, 2024 | | Буџет на ЕЛС, донатори |
| **45.** | **Јакнење на знаењето и капацитетот за НРК на членовите на Локалниот совет за превенција** | Организирани редовни настани за јакнење на знаењето и капацитетот за НРК на членовите на Локалниот совет за превенција | ЕЛС Конче во соработка со РЦУК Радовиш, ПО ДЗС Радовиш, ТППЕ Радовиш, ОО ЦК Радовиш | 2022, 2023, 2024 | | Буџет на ЕЛС, донатори |
| **46.** | **Јакнење на знаењето и капацитетот за НРК на членовите на советодавните групи на граѓани при месните заедници** | Организирани редовни настани за јакнење на знаењето и капацитетот на НРК на членовите на советодавните групи на граѓани при месните заедници | ЕЛС Конче во соработка со РЦУК Радовиш, ПО ДЗС Радовиш, ТППЕ Радовиш, ОО ЦК Радовиш | 2022, 2023, 2024 | | Буџет на ЕЛС, донатори |
| **47.** | **Промовирање на Прирачникот за граѓани за управување со кризи** | Издаден Прирачник за граѓани за управување со кризи и промовиран во заедницата | ЕЛС во соработка со ИДСЦС, ЦУК | 2021 | | Буџет на донатор |
| **48.** | **Континуирана промоција на волонтерството и основање на доброволно противпожарно друштво во Општина Конче** | Утврдување на потребата и формирање на доброволно противпожарно друштво | ЕЛС во соработка со ТППЕ Радовиш, ПО ДЗС Радовиш | 2022 | | Буџет на ЕЛС |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2: Подготвено Конче – Засилена подготвеност за навремен, ефикасен и ефективен одговор на катастрофи и отпорен опоравок на Конче** | | | | | | |
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2.1: Општина Конче и нејзините граѓани се подготвени за одговор** | | | | | | |
| **МЕРКА 2.1.1: Изработка на планска документација за подготвеност** | | | | | | |
| **#** | **АКТИВНОСТ** | **ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ** | **НОСИТЕЛ НА АКТИВНОСТИ** | **ВРЕМЕНСКИ РОК** | **ИЗНОС МКД** | **ИЗВОР НА ФИНАНСИРАЊЕ** |
| **49.** | **Редовно ажурирање на План за заштита и спасување на Општина Конче од природни непогоди и други несреќи** | Ажуриран План за заштита и спасување на Општина Конче од природни непогоди и други несреќи | ЕЛС Конче во соработка со ПО ДЗС Радовиш, ДЗС | 2021 - 2024 | | Буџет на ЕЛС |
| **50.** | **Изработка на план за заштита и спасување на ЕЛС Конче (општинска зграда)** | Донесен План за заштита и спасување на ЕЛС Конче (општинска зграда) | ЕЛС Конче во соработка со ПО ДЗС Радовиш | 2022 | | Буџет на ЕЛС |
| **51.** | **Координација за изработка на планови за заштита и спасување на општинските установи и институции** | Донесени Планови за заштита и спасување на општинските установи и институции на подрачјето на | ЕЛС Конче, ЈП, основни училишта, градинка, ПО ДЗС Радовиш | 2021 - 2024 | | Буџет на општински установи и институции |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ЕЛС Конче | | | | |
| 52. | **Донесување на План за продолжено дејствување (Business Continuity Plan) на ЕЛС Конче** | За прв пат е донесен План за продолжено дејствување на ЕЛС Конче | ЕЛС Конче, ЦУК, ДЗС, донатори | 2023 | | Буџет на ЕЛС, донатори |
| **МЕРКА 2.1.2: Обезбедување на соодветна опрема и професионална обука и тренинг** | | | | | | |
| **#** | **АКТИВНОСТ** | **ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ** | **НОСИТЕЛ НА АКТИВНОСТИ** | **ВРЕМЕНСКИ РОК** | **ИЗНОС МКД** | **ИЗВОР НА ФИНАНСИРАЊЕ** |
| 53. | **Јакнење на капацитетите на членовите на општинскиот штаб за намалување на ризици од катастрофи (со фокус на подобрено командување, координација, комуникација и соработка на локално ниво во рамките на системите за управување со кризи и заштита и спасување)** | Знаењето и капацитетите на членовите на општинскиот штаб се значително зајакнати | ЕЛС Конче во соработка со РЦУК Радовиш, ПО ДЗС Радовиш, ТППЕ Радовиш, ЦЈЗ Радовиш, ОО ЦК Радовиш, донатори | 2022, 2024 | | Буџет на ЕЛС, донатори |
| 54. | **Професионална обука и тренинг на доброволното противпожарно друштво на Општина Конче за справување со пожари** | Реализирана е професионалната обука и тренинг на припадниците на доброволното противпожарно друштво на Општина Конче | ЕЛС во соработка со ПО ДЗС Радовиш, ДЗС | 2022 – 2024 континуирано | | Буџет на ЕЛС, донатори |
| 55. | **Набавка на опрема за просторните сили за заштита и спасување на Општина Конче за справување со пожари** | Реализирана набавка на неопходна опрема и материјали за просторните сили на Општина Конче | ЕЛС во соработка со ПО ДЗС Радовиш, ДЗС | 2022 – 2024 континуирано | | Буџет на ЕЛС, донатори |
| 56. | **Професионална обука и тренинг на просторните сили за заштита и спасување на Општина Конче за справување со пожари** | Реализирана е професионалната обука и тренинг на припадниците на посторните сили за заштита и спасување на Општина Конче | ЕЛС во соработка со ПО ДЗС Радовиш, ДЗС | 2022 – 2024 континуирано | | Буџет на ЕЛС, донатори |
| 57. | **Редовна обука на претставници на ЕЛС Конче за користење на МКФФИС алатката за превенција и рано предупредување од шумски пожари** | Клучните лица од ЕЛС Конче се обучени за користење на МКФФИС алатката | ЕЛС Конче со поддршка на РЦУК Радовиш и ЦУК | 2022, 2024 | 5,000 | Буџет на ЕЛС |
| 58. | **Редовна обука на претставниците на ЕЛС Конче за користење на НИКС системот** | Клучните лица од ЕЛС Конче се обучени за користење на НИКС алатката | ЕЛС Конче со поддршка на РЦУК Радовиш и ЦУК | 2022, 2024 | 5,000 | Буџет на ЕЛС |
| 59. | **Обука за комуникација во услови на катастрофа или криза за лицата задолжени за комуникација и за членовите на општинскиот штаб** | Лицата се обучени за успешна и ефикасна комуникација во услови на катастрофа или криза | ЕЛС Конче со поддршка на ЦУК, ДЗС | 2023 | | Буџет на ЕЛС |
| 60. | **Обука на одговорните членови на општинската администрација за отпорен опоравок и примена на начелото Изгради повторно подобро** | Клучните лица од надлежните сектори се обучени за отпорен опоравок и примена на начелото Изгради повторно подобро | ЕЛС Конче во соработка со ЦУК, ДЗС | 2023 | | Буџет на ЕЛС |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 61. | **Редовна обука на членовите на Општинската комисија за проценка на штети од елементарни непогоди и други опасности** | Реализирана е редовна обука на членовите на Општинската комисија за проценка на штети од елементарни непогоди и други опасности | ЕЛС Конче во соработка со ДЗС, МЗШВ, донатори | 2022, 2024 | | Буџет на ЕЛС, ДЗС |
| 62. | **Подобрување на противпожарната заштита преку воспоставување на облици на меѓуопштинска соработка и навремено и целосно исполнување на обврските по овој основ од страна на општините.** | Меѓуопштинската соработка за противпожарна заштита е регулирана и обврските се исполнети | ЕЛС Конче во соработка со ТППЕ Радовиш, Општина Радовиш | 2021 – 2024 континуирано | | Буџет на ЕЛС |
| **МЕРКА 2.1.3: Реализација на активности за подготвеност на граѓаните на Општина Конче** | | | | | | |
| 63. | **Воспоставување на регистар на волонтери за НРК и нивните знаења и вештини на подрачјето на Општина Конче** | Регистар на волонтери за НРК е воспоставен и нивните знаења и вештини се мапирани | ЕЛС Конче, ПО ДЗС Радовиш, ОО ЦК Радовиш | 2022, 2024 | 10,000 | Буџет на ЕЛС, Буџет на ОО ЦК, донатори |
| 64. | **Редовни обуки за јакнење на знаењето и капацитетите на идентификуваните волонтери за НРК** | Најмалку две професионални обуки за јакнење на знаењето и капацитетите на волонтерите за НРК се одржани до 2024 | ЕЛС Конче, ПО ДЗС Радовиш, ОО ЦК Радовиш | 2022, 2024 | 10,000 | Буџет на ЕЛС, Буџет на ОО ЦК, донатори |
| 65. | **Реализирање на обуки, симулациони вежби и вежби за евакуација на граѓаните во месните заедници во услови на пандемија** | Најмалку една обука, симулациона вежба или вежба за евакуација се реализирани во најизложените месни заедници | ЕЛС Конче во соработка со ЈП, општински установи, РЦУК Радовиш, ПО ДЗС Радовиш, ТППЕ Радовиш, ОО ЦК Радовиш, ИМП, МВР СВР Радовиш, локални субјекти | 2022 - 2024 | | Буџет на ЕЛС, донатори |
| 66. | **Реализирање на редовни активности за подготвеност и одговор на катастрофи во јавни установи (на пр. општински објекти, училишта, градинка и сл.) во Општина Конче, вклучувајќи обуки, симулациони вежби и вежби за евакуација со учество на локалните ресурси во итни ситуации и во услови на пандемија** | Редовна реализација на вежби во општинските установи во услови на пандемија и во услови по завршувањето на пандемијата | ЕЛС Конче во соработка со ЈП, општински установи, РЦУК Радовиш, ПО ДЗС Радовиш, ТППЕ Радовиш, ОО ЦК Радовиш, ИМП, МВР ЦВР Радовиш, локални субјекти | 2022 - 2024 | | Буџет на ЕЛС, донатори |
| 67. | **Едукација на населението изложено на ризикот од шумски пожари и пожари на отворено** | Фокусирана едукација на изложеното население на ризикот од шумски пожари | ЕЛС Конче со ЈП, ТППЕ Радовиш, ПО ДЗС Радовиш, | 2021 – 2024 континуирано | | Буџет на ЕЛС |
| 68. | **Едукација на населението на подрачјето на Општина Конче на ризикот од пожари на објекти** | Фокусирана едукација на изложеното население на ризикот од пожари на објекти | ЕЛС Конче со ЈП, ТППЕ Радовиш, ПО ДЗС Радовиш, | 2021 – 2024 континуирано | | Буџет на ЕЛС |
| 69. | **Едукација на населението на подрачјето на Општина Конче изложено на ризикот од поплави** | Фокусирана едукација на изложеното население на ризикот од поплави | ЕЛС Конче со ЈП, ТППЕ Радовиш, ПО ДЗС Радовиш, | 2021 – 2024 континуирано | | Буџет на ЕЛС |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 70. | **Фокусирано јакнење на знаењето и капацитетите за подготовка и одговор на ранливите категории на граѓани (жени, млади, постари лица, лица со посебни потреби и др.)** | Фокусирана едукација за подготвеност и одговор на ранливите категории на граѓани | ЕЛС Конче со ЈП, ТППЕ Радовиш, ПО ДЗС Радовиш, ОО ЦК Радовиш | 2021 – 2024 континуирано | | Буџет на ЕЛС |
| 71. | **Континуирано јакнење на знаењето и јавната свест за здравствената заштита и здравствените кризи на локално ниво, со посебен осврт на потребите и способностите на ранливите категории на граѓани.** | Реализирање на здравствена едукација со посебен осврт на ранливите категории на граѓани | ЕЛС Конче со ЈП, ТППЕ Радовиш, ПО ДЗС Радовиш, ЦЈЗ Радовиш, ЈЗУ ЗД Радовиш | 2021 – 2024 континуирано | | Буџет на ЕЛС |
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2.2: Навремен, ефикасен и ефективен одговор на катастрофи** | | | | | | |
| **МЕРКА 2.2.1: Организација на итен одговор на Општина Конче** | | | | | | |
| **#** | **АКТИВНОСТ** | **ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ** | **НОСИТЕЛ НА АКТИВНОСТИ** | **ВРЕМЕНСКИ РОК** | **ИЗНОС МКД** | **ИЗВОР НА ФИНАНСИРАЊЕ** |
| 72. | **Определување на патишта и локации за евакуација на граѓаните и обележување на истите** | Главните патишта и локации за евакуација и собирни места во општината се определени и обележени | ЕЛС Конче во соработка со ПО ДЗС Радовиш, ТППЕ Радовиш | 2022, 2023 | | Буџет на ЕЛС |
| 73. | **Обезбедување на транспорт на човечки ресурси и опрема за гасење на шумски пожари** | Во случај на потреба, обезбеден е транспорт на лица и опрема за гасење на шумски пожари | ЕЛС Конче во соработка со ЈП | 2021 – 2024 континуирано | | Буџет на ЕЛС |
| 74. | **Засилена контрола на квалитетот на водата за пиење од водоводите и проверка на водата од природните извори во случај на суша** | Реализирање на зачестени контроли на квалитетот на водата за пиење од водоводите и проверка на водата од природните извори | ЦЈЗ Радовиш во соработка со ЕЛС Конче и ЈП | 2021, 2022, 2023, 2024 по потреба | | Буџет на ЕЛС |
| 75. | **Редовно информирање на населението** | Редовно информирање преку подготвени соопштенија, локални медиуми, социјални мрежи и сл. | ЕЛС Конче во соработка со РЦУК Радовиш, ДЗС Радовиш, ЦЈЗ Радовиш | 2021 – 2024 континуирано | | Буџет на ЕЛС |
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2.3: Осигурување на отпорен опоравок на Општина Конче и нејзините граѓани** | | | | | | |
| **МЕРКА 2.3.1: Воспоставување на систем за брзо и точно утврдување на штетите и потребите на населението** | | | | | | |
| **#** | **АКТИВНОСТ** | **ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ** | **НОСИТЕЛ НА АКТИВНОСТИ** | **ВРЕМЕНСКИ РОК** | **ИЗНОС МКД** | **ИЗВОР НА ФИНАНСИРАЊЕ** |
| 76. | **Воспоставување на база на податоци на Општина Конче за штети, загуби и потреби на погоденото население** | База на податоци за штети, загуби и потреби на погоденото население е воспсотавена во дигитална форма | ЕЛС Конче, ПО ДЗС Радовиш, РЦУК Радовиш, ТППЕ Радовиш, ОО ЦК Радовиш | 2022 | | Буџет на ЕЛС, донатори |
| 77. | **Проценка на потребите на населението после катастрофа со осврт на потребите на ранливите групи на население (жени, млади, стари, лица со посебни потреби и др.)** | Потребите на населението се проценети непосредно по катасторфалниот настан | ЕЛС Конче, ПО ДЗС Радовиш, ОО ЦК Радовиш, меѓународни организации, НВО | 2022 – 2024 континуирано | | Буџет на ЕЛС, Влада на РСМ, ЦК, МТСП, донатори |
| 78. | **Обезбедување на итни потреби** | Потребите на населението се | ЕЛС Конче, ПО ДЗС | 2021 – 2024 | | Буџет на ЕЛС, |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **на населението после катастрофа со осврт на потребите на ранливите групи на население (жени, млади, стари, лица со посебни потреби и др.)** | обезбедени непосредно по катастрофалниот настан | Радовиш, ОО ЦК Радовиш, меѓународни организации, НВО | континуирано | | Влада на РСМ, МТСП, ЦК, донатори |
| **79.** | **Редовно проценување на настанатите штети од страна на Општинската комисија за процена на штети после елементарни непогоди** | Општинската комисија за процена на штети после елементарни непогоди навремено, ефективно и ефикасно ја спроведува постапката | ЕЛС Конче | 2021 – 2024 континуирано | | Буџет на ЕЛС |
| **МЕРКА 2.3.1: Реализирање на активности за отпорен опоравок на населението на Општина Конче** | | | | | | |
| **80.** | **Реализирање на мерки за ревитализација после пожари на отворено, шумски пожари и пожари на објекти** | Ревитализацијата после шумски пожари, пожари на отворено и на објекти навремено и ефикасно е реализирана | ЕЛС Конче во соработка со ЈП, РЦУК Радовиш, ПО ДЗС Радовиш, ТППЕ Радовиш, НШ ШС Плачковица, сопственици на земјиште, сопственици на објекти, приватен сектор | 2021 – 2024 континуирано | | Буџет на ЕЛС, ЈП, донатори |
| **81.** | **Реализирање на мерки за ревитализација после поплави** | Ревитализацијата после поплави навремено и ефикасно е реализирана | ЕЛС Конче во соработка со ЈП, РЦУК Радовиш, ПО ДЗС Радовиш, ТППЕ Радовиш, ЦЈЗ Радовиш, сопственици на земјиште, сопственици на објекти, приватен сектор | 2021 – 2024 континуирано | | Буџет на ЕЛС, ЈП, донатори |
| **82.** | **Реализирање на мерки за ревитализација после земјотрес и други опасности** | Ревитализацијата после земјотрес и други опасности навремено и ефикасно е реализирана | ЕЛС Конче во соработка со ЈП, РЦУК Радовиш, ПО ДЗС Радовиш, ТППЕ Радовиш, ЦЈЗ Радовиш, ИЗИИС, сопственици на земјиште, сопственици на објекти, приватен сектор | 2021 – 2024 континуирано | | Буџет на ЕЛС, ЈП, донатори |
| **83.** | **Отпорна рехабилитација на објектите погодени од катастрофален настан според начелото Изгради повторно подобро** | До 2024 година најмалку два објекти во соспственост на општината се реахбилитирани/ реконструирани | ЕЛС Конче во соработка со ЈП, ДЗС, ЦУК, Влада на РСМ, надлежни министерства, донатори | 2023, 2024 | | Буџет на ЕЛС, Буџет на РСМ, донатори |

## 9. РЕАЛИЗИРАЊЕ, СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН

### *9.1 Реализирање на стратешкиот план*

Стратешкиот план за намалување на ризици од катастрофи за периодот 2021 – 2024 година ќе биде реализиран од страна на општинската администрација на Општина Конче во координација со Градоначалникот и Советот на општината и партнерство и соработка со останатите субјекти на системот за управување со намалувањето на ризиците од катастрофи на локално и национално ниво. Од страна на Градоначалникот ќе биде назначен координатор на реализацијата на стратешкиот план (најчесто тоа е лицето кое ги исполнува задачите и обврските од управувањето со намалувањето на ризици од катастрофи) и тој/таа во соработка со останатите делови на општинската администрација ќе обезбеди:

- Во соработка со градоначалникот ќе го определи тимот/работната група за реализација на планот;
- Практично имплементирање на активностите од акцискиот план преку координација на реализацијата на планските активности;
- Следење и известување за реализацијата на планот, како на ниво на посебни мерки и целини, така и на ниво на целиот план;
- Иницирање постапка за ажурирање на планот;
- Подготовка на квартални и годишни извештаи за реализацијата на планот до Советот на општината, Градоначалникот, донаторите и партнерските организации;
- Ќе врши и други работи определени од страна на градоначалникот и советот на општината кои се потребни за реализација на планот.

За успешна, навремена и ефикасна реализација на стратешкиот план потребно е да се обезбедат неопходните човечки и финансиски ресурси

- ***Финансиски ресурси*** – Во согласност со акцискиот план, општината е неопходно навремено да ги планира финансиските средства кои се предвидени за реализација на мерките и активностите првенствено преку сопствениот буџет, но имајќи во предвид дека истиот е ограничен, преку изнаоѓање на средства од други извори на пр. државен буџет, национални и регионални програми, мултилатерални и билатерални донатори, европски и др. фондови.

- ***Човечки ресурси*** – Реализацијата на стратешкиот план ќе се спроведе со учество на постојниот персонал на општинската администрација, особено на лицата задолжени за намалувањето на ризици од катастрофи. Сепак, во планот се предвидени и мерки и и активности за градење на капацитетите на општинската администрација во наредниот период, паралелно со имплементацијата на истите, како во поглед на тематската област, така и во поглед на стекнување на знаења и вештини од раководење со проекти, пристап до фондови и сл.

### *9.2 Следење и евалуација на стратешкиот план*

Системот за следење и евалуација е составен дел од процесот на стратешкото планирање и обезбедување поддршка во постигнувањето на стратешките цели на планот, следење на напредокот на неговата реализација, утврдување на постојните предизвици и постигнати резултати, заедно со обезбедување на мерки и активности од планот, како и рефлектирање на

стекнатото искуство и научените лекции. Последователно овој систем за следење и евалуација се воспоставува според постоечката рамка за следење и евалуација на програми и проекти на локално ниво. Со цел да се следат постигнувањата на планот, просечно достапните вредности од 2020 год. ќе се користат како основни индикатори. Ажурирањето на вредностите може да се изврши за време на среднорочната ревизија на планот пред истекот на втората година од неговото донесување.

Следењето на планот се однесува на систематско собирање и обработка на податоци што можат да бидат корисни за подобрување на процесот на донесување на одлуки, информирање на засегнатите страни и осигурување на нивниот придонес, како и идентификување на напредокот на остварувањето на мерките и активностите, идентификување на застои и донесување на стратегии за надминување на истите, како и соодветно ажурирање на акциската рамка на планот.

Се планира да има две евалуации на Стратешкиот план за намалување на ризици од катастрофи за Општина Конче и тоа на неговите стратешки цели и на постигнатите резултати - среднорочна евалуација по истекот на втората година од донесувањето на планот и крајна евалуација по во последните три месеци од истекот на четвртата година од донесувањето на планот. Евалуацијата ќе ги земе во предвид не само индикаторите од планот, туку и пошироките индикатори од областа на управување со намалувањето на ризици од катастрофи и одржливиот развој на општината. Соодветната методологија за евалуација ќе ја примени надлежниот евалуатор. Евалуациите се препорачува да ја изврши субјект за надворешна проценка.

Реализацијата и следењето на исполнувањето на планот ќе биде спроведено од страна на надлежната администрација на општината, назначена од страна на градоначалникот. Псоледователно ќе се подготвуваат годишни извештаи за напредокот на реализирањето, како и соодветно ажурирање на планот доколку е потребно по основ на дополнителни активности или граѓански иницијативи кои би можеле да се реализираат во предвидената временска рамка.

**ПРИЛОГ 1 – Надлежности, односно работи од јавен интерес од локално значење на Општина Конче[23] се:**

***1. Урбанистичко (урбано и рурално) планирање***, издавање на одобренија за градење на објекти од локално значење утврдени со Закон, уредување на просторот и уредување на градежното земјиште***;***

***2. Заштита на животната средина и природата***, во смисла на преземање на мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето, заштита на природата, заштитата од бучава и нејонизирачко зрачење;

***3. Локален економски развој***, во смисла на планирање на локалниот економски развој, утврдување на развојни и структурни приоритети, водење на локална економска политика, поддршка на развој на мали и средни претпријатија и на претприемништвото на локално ниво и во тој котекст учество во воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институции и агенции и промовирање на партнерство;

***4. Комунални дејности***, во смисла на снабдување со вода за пиење, испорака на технолошка вода, одведување и пречистување на отпадни води, одведување и третман на атмосферски води, јавно осветлување, одржување на јавна чистота, собирање, транспортирање и постапување со комунален цврст и технолошки отпад, уредување и организирање на јавниот локален превоз на патници, одржување на гробовите, гробиштата и давање погребални услуги, изградба, одржување, реконструкција и заштита на локалните патишта и улици и други инфраструктурни објекти, регулирање на режимот на сообраќајот, изградба и одржување на улична сообраќајна сигнализација, изградба и одржување на јавен простор за паркирање, одстранување на непрописно паркирани возила, одстранување на хаварисани возила од јавните површини, изградба и одржување на пазари, чистење на оџаците, одржување и користење на паркови, зеленило, парк-шуми и рекреативни површини, регулација, одржување и користење на речните корита во урбанизирани делови, определување на имиња на улици, плоштади и други инфраструктурни објекти;

***6*. *Култура***, во смисла на институционална и финансиска подршка на културните установи и проекти, негување на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности, организирање на културни манифестации, поттикнување на разновидни специфични форми на творештво;

***7. Спорт и рекреација***, во смисла на развој на масовен спорт и рекреативни активности, организирање на спортски приредби и манифестации, одржување и изградба на објекти за спорт, како и поддршка на спортски сојузи;

***8. Социјална заштита и заштита на деца***, во смисла на финансирање, инвестиции, одржување и сопственост на детски градинки и домови за стари, остварување на социјална грижа за инвалидни лица, деца без родители и родителска грижа со воспитно-социјални

[23] https://tinyurl.com/35z4wnz2

проблеми, со посебни потреби, од еднородителски семејства како и деца од улица, лица изложени на социјален ризик, засегнати со злоупотреба на дрога и алкохол, подигање на свеста на населението, домување на лица со социјален ризик, остварување на право и воспитување на деца од предучилишна возраст;

***9. Образование***, во смисла на основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта во соработка со централната власт, во согласност со закон, како и организирање на превоз и исхрана на ученици и нивно сместување во ученички домови;

***10. Здравствена заштита***, во смисла на управување со мрежата на јавни здравствени организации и објекти од примарна здравствена заштита во кои општината е застапена во сите одбори на сите здравствени организации во јавна сопственост, здравствено воспитување, унапредување на здравјето, превентивни активности, заштита на здравјето на работниците и заштита при работа, здравствен надзор на животната средина, надзор над заразните болести, помош на пациенти со специјални потреби и други области определени со закон;

***11. Спроведување на подготовки и преземање мерки за заштита и спасување*** на граѓаните и материјални добра од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи и од последици предизвикани од нив;

***12. Противпожарна заштита*** вршена од територијалната противпожарна единица;

***13. Надзор*** над вршењето на работи од надлежност на општината;

***14. Други работи*** определени со закон.

## *ПРИЛОГ 2 – НАДЛЕЖНОСТИ НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИАТРАЦИЈА НА ОПШТИНА КОНЧЕ*[24]

| *Одделение за правни и општи работи* | *Одделение за финансиски прашања* | *Одделение за урбанизам, комунални работи, заштита на животна средина и локален економски развој* | *Одделение за инспекциски надзор* |
|---|---|---|---|
| • Изготвување на одлуки и други општи и поединечни акти од надлежност на Советот и Градоначалникот;<br>• Давање на мислење на актите од аспект на нивната законитост, ги следи прописите и нивните измени и дополнувања;<br>• Спроведување на јавните набавки во општината;<br>• Архивско работење и административно технички работи;<br>• Вршење на стручни и организациски работи за функционирање на Советот и на неговите тела, како и на Градоначалникот;<br>• Давање на правна помош по одредени работи за општината;<br>• Информирање на корисниците на услугите за полесно оствсување на нивните права;<br>• Канцеларискотo работење кое опфаќа прием, отварање, евиденција и испраќање на актите на органите на општинта и дактилографски работи;<br>секретарски работи за Градоначалникот;<br>• Работи за возниот парк и други технички работи (одржување на хигиена и достава на пошта);<br>• Вршење на информатичко технички работи;<br>• Вршење и други работи што ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот. | • Подготвување на буџетот и завршната сметка на буџетот;<br>• Подготвување на финансиски план за извршување на буџетот (квартален и годишен);<br>• Подготвување на квартални извештаи за извршување на буџетот;<br>• Следење на остварувањето на приходите и извршување на расходите;<br>• Сметководствено евидентирање на извршувањето на буџетот;<br>• Благајничко работење;<br>• Водење евиденција за имотот на општината<br>• Работи на материјално-финансиските работи;<br>• Работи на администрирање на даноците и комуналните такси;<br>• Други работи доверени од Советот и Градончалникот. | • Изработува и реализира програма за уредување на градежното земјиште на подрачјето на општината;<br>• Изработува и реализира програма за изградба, одржување и заштита на локалните патишта и улици;<br>• Изработува и реализира програма за јавното осветлување на подрачјето на општината;<br>• Следење на состојбите и организира изградба, реконструкција и оддржување на јавното зеленило, фонтаните, дрворедите и друга комунална опрема поставена на улиците и на другите јавни површини;<br>• Други работи доверени од Советот и Градоначалникот. | • Инспекциски надзор и контрола на спроведувањето на законските прописи од областа на комуналните работи;<br>• Инспекциски надзор и контрола на спроведувањето на законските прописи од областа на патниот сообраќај;<br>• Инспекциски надзор и контрола на спроведувањето на законските прописи од областа на заштитата на животната средина;<br>• Инспекциски надзор и контрола на спроведувањето на законските прописи од областа на градежништвото и урбанистичкото планирање;<br>• Инспекциски работи и контрола во образованието и спортот;<br>• Инспекциски работи и контрола во остварувањето на општинските даноци и такси и друг надзор од надлежност на општината;<br>• Други работи доверени од Советот и Градоначалникот. |

[24] https://tinyurl.com/xz4rbzcc

***БИБЛИОГРАФИЈА***